**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Сто и шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 декември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

**Љупчо Јордановски:** Почитувани пратеници, формално да ја отворам седницата, а да ве известам дека ќе продолжиме во 14,00 часот.

Пратениците: Слободан Најдовски, Борис Кондарко, Неждет Мустафа, Иван Стоиљковиќ, Рафет Муминовиќ, Кенан Хасипи, Стојан Андов, Андреј Жерновски, Лилјана Поповска, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Гзим Острени, Али Ахмети, Теута Арифи, Абдилаќим Адеми, Љубчо Георгиевски и Марјан Ѓорчев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Поради тоа што застанавме кај гласање по Предлогот на законот за изменување на Законот за социјална заштита од причини кои ги соопштив пред малку, комисии, отсуства, активности и протоколарни, продолжуваме во 14,00 часот со оваа седница, а ќе работиме непрекинато до 18,00 часот. Затоа паузата за ручек искористете ја пред 14,00 часот.

Благодарам.

(Пауза од 11,01 до 14,02 часот).

(Минуваат минути на чекање)

Ги молам пратениците кои се излезени да влезат да се преброиме.

Јас мислам дека јасно и гласно на македонски кажав дека во 14,00 часот почнуваме.

Ги молам пратениците да седнат, сега ќе пуштам лист да се потпишете сите што сте присутни тука. Зборувам никој да не излегува, туку да се потпишете.

Дајте по еден празен лист и нека се потпишат пратениците.

Колку да ве информирам 100 се потпишани на почетокот.

Сега имаме кворум, имаме 65 пратеника, и за тоа поминуваме на работа, а потпишувањето нека продолжи.

Точката 29 - Предлог на закон за изменување на Законот за социјална заштита.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни 58 гласале од кои 57 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за социјална заштита.

**Минуваме на точката 30. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 2 во новиот член 32 став 1 алинеја 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 32 став 1, алинеја 1, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

Повелете господине Димов.

**Владимир Димов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Пеева вие сте пријавена за амандманот?

Процедурално, да слушнеме.

**Ангелка Пеева-Лауренчиќ:** Група пратеници пред да го донесат својот став во врска со овој закон им се потребни дополнителни информации особено во делот на влезот на проектирани буџетски ефекти што ќе се добијат апропо понуденото решение, просечната цена на чинење на просечна марка цигари по додавањето на овие средства на секоја кутија цигари т.е. на секоја цигара и очекуваните ефекти во делот на шверцот и нелегалната трговија со цигари при тоа за да изградиме конечен став по ова прашање, потребно ни е присуство на претставник од Министерството за финансии и доколку е можно оваа точка да ја гледаме во четврток со таков извештај од страна на претставник од Министерството за финансии.

На тој начин на многумина ќе ни биде појасно што всушност гласаме и покрај нашата желба да се помогне во здравството со овие средства кои се бараат со овој закон и со дополнителни средства.

Заради тоа барам поддршка од 10 пратеници овој предлог да се гласа.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лауренчиќ вашиот претходен вовед не е во рамките на Деловникот, бидејќи ова беше дадено доста порано како точка на дневен ред така што дообјаснување може ако нешто коренито се менува со некој амандман.

Вториот предлог можам да го ставам, бидејќи од брзање, условно да кажам, вие се јавивте процедурално, не го забележав тоа, дали имате поддршка од 10 пратеника? (Претседателот ги пребројува пратениците) има 10.

Само да ми кажете која точка на дневен ред.

**Ангелка Пеева - Лауренчиќ:** Предлогот за здравствена заштита, со Предлог на закон да го гледаме во четврток . . .

**Љупчо Јордановски:** Јас незнам во четврток која точка ќе дојде на дневен ред. Да ми кажете само која точка на дневен ред да биде, после 35-та, 36-та, последна, а може и да не работиме во четврток.

**Ангелка Пеева - Лауренчиќ:** Прва точка од продолжението на седницата.

**Љупчо Јордановски:** Бидете прецизни.

**Ангелка Пеева - Лауренчиќ:** 38-ма точка.

**Љупчо Јордановски:** Значи, после 37-та точка.

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита кој моментално е 30-та точка да биде 38-ма, значи после 37, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Имаме доволно за кворум. Гласале 47 пратеника од кои 31 за, 3 воздржани, 13 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Службите нека ги пребројат пратениците да знаеме точно колку сме иако знам дека има поеќе од 61 пратеник.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 62 пратеника, гласањето е валидно.

Предлогот не е прифатен.

Отворам расправа по амандманот кој што не е прифатен. Тоа е амандман на член 2 во новиот член 32 став 1, алинеја 1, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Амандманите ви се поделени веќе 10-тина дена.

Ве молам го поништено е гласањето и ги молам пратениците да притискаат.

Амандманот го ставам на гласање

Госпоѓо Гешовска барате ли збор по амандманот?

Повелете имате збор.

**Цветанка Гешоска:** Не сум по амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Молам, дали некој бара збор по амандманот.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеника гласале 50 од кои 17 за, 5 воздржани, 28 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Јас сепак мислам дека министерот за здравство требаше да даде едно уводно образложение со оглед на фактот дека предлогот кога ни беше доставен на нас како пратеници, беше по итна постапка да се измени и да се дополни Законот за здравствена заштита. Вака кога првобитно го разгледував текстот на самиот Предлог за донесување на закон искрено да ви кажам претседателе не знаев дали се работи од делот на финансии или се равботи во делот за здравствена заштита. Затоа што во делот на здравствената заштита е опфатен само сегментот дека од 30.09.2006 година здравствените установи наместо во судскиот регистар ќе се регистрираат во централниот регистар. Тоа е идинствената измена која се однесува на здравстсвената заштита. Во останатиот дел на текстот на целиот предлог за донесување на закон мене ова повеќе ми личи од делот на финансиите, затоа што се укажуваат обрзниците за плаќање на толку и толку денари од 0,25 како што е во членот 2. Висината на надоместокот што се плаќа при производство и увоз на тутунски производи изнесува 0,25 денари по парче, а за произведена или увезена пура или цигарилос што содржи тутун 10 денари, тутун за џвакање 15 и така натаму. Па обврзник за плаќање на надоместокот е правното лице кое произведува тутунски производи, па како се плаќа надоместокот за производство на тутунски производи, па извозна царинска декалрација од извозникот како доказ дека количината на производот на кое не е пресметан надоместокот е извезен од Република Македонија. Па во членот 32-б, обврзникот за лаќање може до Управата за јавни приходи да поднесе барање за враќање на надоместокот за количината што е извезена докажливо неупотребена, или уништена пред даночниот надзор, па во постапката за утврдување и пресметување и уплатување на надоместокот важат одредбите од прописите за даночна постапка.

Дали ова ви личи на Закон за здравствена заштита? Не. Мене не ми личи.

Посебна приказна е образложението на самиот текст на Предлогот на законот и оценка на состојбите и целта што треба да се постигне со Законот.

Кога почнав да го читам, искрено да ви кажам, сметав дека некој ме подготвува да одам на семинар на пулмолози или на лица кои се на семинар каде главна тема ќе биде миокардниот инфаркт со статистички податоци за бројот или смртноста од кардиоваскуларни заболувања кое во постојан пораст почнуајќи од 1985, заклучно со 2002 година.

Имаме преглед на карцином на плуќа, луѓе со белодробен карцином според податоците на Клиниката, 674 пациенти со белодробен карцином се третирани на Клиниката за пулмологија, на Клиниката за тораковаскуларна хирургија, на Инсиситутот за онкологија и хирургија и вкупниот износ на пари што ја коштало државата за овие 674 пациенти се 257.159.868 денари.

Сега, имајќи во предвид дека здравјето е најважна инвестиција во општествено економскиот развој на секоја држава и дека пушењето претставува докажан ризик за здравјето на популацијата,

Министерството за здравство по итна постапка го предложи Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита со кој бара дел од увозниците на цигари, цигарилоси, пури. Значи, сите видови на средства за пушење да се одвојува соодветен надоместок, соодветна висина во зависност од видот на она што се пуши и истите тие ќе биле приход на Министерството за здравство, односно на Буџетот и тоа во износ од една милијарда денари. Оваа оценка е направена врз основа на просечната потрошувачка на цигари во Република Македонија која изнесува 4,3 милијарди цигари помножено со 0,25 денари, а една мililјарда 070 милиони денари.

Намерата на Министерството за здравство била дека во овој закон парите ќе се искористат за националните програми за здрављето за лекување на заболувања од пушење и за опрема на медицинските установи.

Национални програми во здравството со години на назад имаме, меѓутоа, искрено да ви кажам и оваа милијарда денари кои планира Министерството односно буџетот да се слеат во Буџетотот и до сега на овие програми не им беа доставувани средствата кои беа предвидени со Буџетот, немам гаранција дека со овој буџет тие програми во здравството ќе можат да видат некој денар од предвидените пари со кои ќе ги плаќаат увозниците и извозниците согласно она што го увезуваат, а кое се однесува на пушење.

Само да потсетам, овие програми за превенција се однесуваат и на систематски прегледи на ученици и студенти и на унапредување на крводарителството и на превентивна здравствена заштита и на задолжителна здравствена заштита и на задолжителна имунизација на населението, спречување и сузбивање на бруцелоза, спречување на туберкулоза, заштита на населението од сида, здравствена заштита на мајки и деца, репродуктивното здравје, куративна здравствена заштита за превенција, здравствена заштита на лица со душевни растројства, здравствена заштита од болести на зависности, најверојатно тука ги планираат тие средства или поголем дел, здравствена заштита на лица кои се третираат со дијализа, многу актуелно, обезбедување на лекови за трансплантација, обезбедување на цитостатици, уште поактуелно, инсулин и лекување на болни од хемофилија, здравствена заштита на одредени групи население кои не се здравствено осигурени.

Значи, јас би сакала Министерството за здравство оваа луда пара кога ќе ја собере од пушењето цигари и оние што ги консумираат тие видови на цигари, да ги распореди не само генерално, јас прочитав колку се национални програми, само не ја спомнав дирекцијата за радиоциона сигурност. Јас би сакала или рамноправно да бидат распределени, но да не заборави по сите овие програми една работа во Министерството за здравство, а и тенденција на целокупноит буџет е реформи во здравството. Паѓаат плафони во Центарот за дијализа во Чаир, немаат цитостатици и икс други работи кои се случуваат во Министерството за здравство и во јавните здравствени установи, Клинички центар итн., овие пари треба да бидат наменети за реформи во здравството, како што е предвидено во самиот буџет и во претходните буџети. Од реформите не видовме ништо, јавните здравствени установи исто така немаат, верувајте, барем во градот од каде доаѓам Штип, таму ќе биде среќа да налетате на соодветни медицински помагала, соодветна апаратура која работи и неопходни средства за вршење на сите неопходни интервенции независно мали, големи. Јас би препорачала до Министерството за здравство рационално да ги искористи сите овие пари кои ќе бидат плус од предвидените што биле предвидени до сега со буџетот, но да се концентрира на реформите во здравството или во здравствениот систем. Тоа е еден од приоритетите и програмите на Владата и редно е Министерството на кое се однесува таа програма, активно да учествува во реформи во здравството, меѓутоа, квалитативни реформи во здравството, а не квантитативни.

Јас би сакала толку, доколку Министерството за здравство или министерот смета дека треба да прифати дел од мојата дискусија, можеби колегите кои се пријавени по мене ќе имаат одредени укажувања, за да ни тргне со тие реформи во здравството за кои десет години велиме дека ќе тргнат, но стојат во место.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор министерот за здравство господинот Димов.

**Владимир Димов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека добар дел од образложението што требаше да го дадам беше дадено во дискусијата и мислам дека токму тоа е целта на донесувањето на овој закон.

Би се задржал на два дела. Прво, да одговорам на ова за што зборувавме што во голем дел е дадено во образложението за тоа што сметавме дека донесување на еден закон во суштина мора да биде со едно образложение кое сакале или не мора во себе да носи, покрај бројките, многу професионални информации за тоа што до изработувањето на овој Предлог закон се дојде по една опстојна анализа која укажа дека вакво нешто е неминовно.

Неминовно е бидејќи е факт дека пушењето како ризик е своевиден фактор кој е општо признат секаде во светот не само кај нас, кој придонесува за бројни за болувања кои во својата крајна линија имаат финансиски импликации врз Фондот за здравство.

Во делот на подлогата за изменување на Законот токму тоа го велиме дека програмите се финансираат од Буџетот, меѓутоа и од други извори на финансирање. Би сакал да кажам дека она што не претставува давачка од класичен тип е што пушењето претставува извор. Денеска човеко може да избере да пуши или може да

избере да не пуши. Меѓутоа, факт е дека од штетните последици кои ги покажуваме овде само во делот каде се директни што не го одразуваат вистинскиот одраз на она што е во реалноста, бидејќи индиректните не се прикажани овде, прикажани се во бројки сосема јасно колкави се нивните импликации кои до сега се покриваат исклучиво од редовните плаќања на корисниците на Фондот кои не треба да пополнуваат или да покриваат дополнителни трошоци. Инаку, секако средствата кои ќе бидат собрани од оваа намена, дел кои ние ги прикажуваме како дел од здравството дек се пет денари прикажани ќе бидат искористтени со програми каде првенствено ќе бидат покривани програмите каде пушењето има директен имплат и тоа е напишано дека ќе биде користење со програма каде во секој случај првенствено ќе биде покривањето на програмите дел од овие кои ги спомна пратеничката, а за кои се согласувам дека треба да се финансираат на ваков начин.

Меѓутоа, исто така, да кажам дека овој закон во себе има дел од она што го зборуваме за петте денари има и друга фискална импликација која ќе се слева во Буџетот од каде ќе се покриваат дел за екологијата и дел од земјоделието. Јас во ова оразложение не сакам да го образложувам, бидејќи со програма ќе го споведуваат надлежните министерства, но во секој случај предвидено е дел од тие фискални импликации кои законот ќе ги предвиди да бидат и за таа намена за користење.

Исто така, сакам да кажам дека не е целта да се зголеми приходот преку зголеменото пушење. Ние имаме национална стратегија која е усвоена, за контрола на тутунот, точно се предвидуваат мерките на кој начин пушењето кое кај нас во Македонија, за разлика од Европските земји, навистина многу високи инциденти особено меѓу младата популација, содржи и вакви мерки какви денеска предлагаме. Значи, не е целта да го зголемуваме приходот за тоа што луѓето кои пушат ќе контрибуираат, туку е успех и ако се намали пушењето, самиот тој факт ќе придонесе за намалување и на болестите и да имаме посреќна и поздрава популација во иднина.

Така што мислам дека ова што беше искажано дека е потребно да биде во програми, апсолутно програмата ќе го следи овој закон, бидејќи средствата нема да можат да се користат надвор од програмата која што ќе биде усвоена.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Овие пари кои ќе се земат од различните средства кои се предвидени во законот во членот 32-а, од пури, цигари и тн., дали исклучиво ќе бидат наменети како што вас ве разбрав, значи ќе ги земеме од граѓаните од тие што пушат и ќе ги дадема за лечење на болестите од пушење. Од друга страна, еве и да ги земеме сите тие пари и да се слеат во Буџетот една милијарда денари, дали некоја стапка, или некој дел од тие една милијарда денари освен за програмите, да не бидат затворен круг ќе можеме да ги искористиме и за, како што спомнав и пред малику, за реформи во здравството. Вака мене ми личи на затворен круг. Ќе ги земеме за да се лечат болните од пушење, а износот не е мал, а бараме да се развие здравствениот систем и здравството и да му направиме една коренита реформа, да се знае што е превентивна, што е секундарна, што е терцијална заштита.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре имате една минута контра реплика.

**Владимир Димов:** Реформите, кога велиме реформите, тоа е многу општ поим, и ова е една од реформите начинот на кој што го обезбедуваме финансирањето што не бил традиционален начин на финансирање и покривање токму на делот на опасностите и последиците кои што се предизвикуваат директно од оние кои тоа го конзумираат, исто така дел од реформите. Уште еднаш сакам да кажам дека покрај покривањето на делот од лекувањето на оние каде што тие го предизвикуваат штетното дејство е токму покривање на програмите во целина земено, бидејќи тие се за различни групи од кои што секаде имаме и директно пушачи, имаме и директни и индиректни дејства. Така што донесувањето на овој закон сам по себе претставува приод кон реформите и промена од она што до сега сме го имале.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Наташа Биковска.

**Наташа Биковска:** Почитуван претседателе, во нашето парламентарно искуство за прв пат имаме Предлог на закон од областа на здравството што се носи по итна постапка. За мене воопшто не е спорна итноста покрај во делот што значи усогласување со законот за едношалтерски систем и во делот од Предлогот на законот со кој се предвидува да се воведе посебен надоместок за тутунските производи имајќи во предвид дека здравјето е најважна инвестиција во општествено економскиот развој на секоја држава и дека пушењето претставува докажан ризик за здравјето на популацијата. Здравствениот систем е еден од најсложените и најскапите системи во секоја држава. Македонскиот здравствен систем е граден повеќе од 50 години и е голема придобивка на сите граѓани во Република Македонија и гаранција за подобар квалитет на нашето здравје. Здравјето, односно отсутноста на болести претставува телесна, душевна и социјална благосостојба на поединецот, односно на што поголем број луѓе урамнотежено со околината во која живеат и работат. Тоа е една од дефинициите за здравјето. Здравјето е толку опсежен поим, така што не е дел од политиката кој не би имал влијание на здравствената состојба на нацијата. Затоа здравјето може да се обезбеди само со складно вклучување на здравствениот интерес во политиката за да здравствената состојба меѓу населението најодговорен субјект секогаш е државата. Таа мора да се грижи за урамнотежен, личен, економски и социјален

развој. Токму од таа должност државата црпи надлежност за основните одлуки во сите подрачја на општественото живеење.

Во образложението кое ни е доставено во прилог на Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на законот за здравствена заштита, со Предлог на закон никаде не сретнав дека овие измени во делот на надоместокот за производство и увоз на тутунските производи се базира на нечие искуство од земјите членки на Европската унија, или од други развиени земји во светот. Но, како и да е, идејата ја поздравувам и ја доживувам како современ потег во превенирањето и унапредувањето на здравјето како општо добро многу битен за здравството и неговите состојби и статус во општествениот поредок. А на инволвираните институции Министерството за здравство, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи им честитам на разумот, соработката и разбирањето од што резултира предлогот кој што е содржан во член 1 од Предлог-измените. Значи, средства за остварување на загарантираните права и утврдени потреби и интереси од став 1 во член 32 за да се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од надоместокот што го плаќаат правните лица кои што произведуваат, или увезуваат тутунски производи кои содржат штетни материи по здравјето на населението. Притоа е предвидено согласно членот 2, висината на надоместокот што се плаќа при производство и увоз на тутунските производи да биде за една произведена, или увезена цигара што содржи тутун 0,25 денари по парче, за една произведена или увезена пура што содржи тутун 10 денари по парче, за едно пакување тутун за џвакање, тутун за виткање и тутун за луле по 15 денари од парче. Сосема логична е и предвидената одредба надоместокот за производство на тутунско производство да не се плаќа доколку количината на производите што се фактурира е извезена од нашата држава.

Почитувани пратеници, ова законско решение побудува особен интерес и јас сум убедена дека нема пратеник што не го прочитал како и квалитетно конципираното образложение за оценката на состојбите и целта што треба да се постигне со овој закон.За пушењето како масовна појава во денешно време наречено како зло на човештвото, за влијанието врз смртноста и појавите особено на белодробните малигни заболувања,срцевите,респираторните и васкуларните заболувања ни се презентирани парамети во светски и европски размери. А од наведената состојба и податоци за Република Македонија од Клиниката за торакално васкуларна хирургија Институтот за срцеви заболувања и Институтот за радиологија и онкологија по направената анализа на случаите за кои директна причина за морбидитетот, односно заболувањето е пушењето, можеме да констатираме дека имаме состојба на која мора да се интервенира стратешки и да се предвиди конзистентна здравствена политика. Иако податокот дека во 2004 година се третирани 674 пациенти од белодробен карцином и за нивен третман се потрошени повеќе од 257 милиони денари и за 2013 пациенти со миокарден инфаркт потрошени се 929, 5 милиони денари се аргументи во прилог на предлогот за воведување на посебен надоместок на тутунските производи. Моите размислувања за оваа проблематика одат во насока дека значаен дел од средствата треба да се насочат за зголемување на превентивните мерки, едукација и промоција на штетноста на пушењето, како и за истражувачки проекти, за влијанието на пушењето вр човечкиот организам.

Почитувани пратеници, во прилог на оправданост на овие законски измени ќе истакнам уште два интересни податоци кои произлегуваат од Извештајот за штетноста од пасивното и активното пушење, унапредување на здравствените превентивни мерки презентиран на парламентарното Собрание на Советот на Европа. Во него се истакнува дека активните пушачи кои во ЕУ земјите изнесуваат околу 30 до 40% од населението се наспроти огромниот преостанат процент на непушачи кои секојдневно се изложени на тутунскиот чад и се бележи огромен подем на болестите на респираторните органи кај непушачите кај кои и смртноста е зголемена. Известителот на Извештајот ги повикал земјите членки на Советот на Европа да преземат енергична акција за намалување на пушењето со податокот дека додека тој пред парламентарците го образложува Извештајот 80 луѓе умираат од болестите предизвикани од пушењето и загриженоста расте и поради тоа што тутунската индустрија се повеќе наоѓа начин за привлекување на нови тутунски конзументи. Не коментирајќи го делот од Предлогот на законот за усогласување со законот за едношалтерски систем кој што е содржан во членот 4, затоа што е неминовно од техничка природа. Дозволете ми да заклучам дека овој потег и законска интервенција е една од посилните методи кои пред се се грижат за темелна заштита на здравјето на нацијата, но и за многу значаен момент за нашиот здравствен систем во целина. Со верба дека надлежните институции се спремни да не се дозволи евентуална експанзија на нелегален промет на тутунски производи, убедена сум дека овој денар предвиден да биде здравствен ќе ги даде проектираните ефекти и ја има мојата безрезервна поддршка.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Агим Џелили.

**Агим Џелили:** Благодарам господине претседател. Благодарам за коментарот.

Почитувани колеги пратеници, обезбедување на постабилни средства за здравствена заштита, или како што се во конкретниот случај, со дополнувањето и изменувањето на овој закон, почнувајќи од членот 32-а, б,в,г,д и тн. треба да се поздрави, затоа што ќе се обезбедат минимум 15 милиони евра, кои се надевам дека ќе се

управуваат добро и ефектот од овие средства прибрани од увозниците на тутун каде за секоја цигара ќе се наменат, или ќе се земат по 0,25 денари, или за една пура 10 денари. Ова значи дека оваа вредност е доста голема. Затоа изготвувањето на проектите и долгорочната стратегија за отстранувањето на болестите произлезени од потрошувачката на тутунот како што се кардиоваскуларните болести и други болести, респираторните болести, карциномот, белодробните болести и тн. Почитувани колеги, сите овие болести сите знаете дека се со еден висок морталитет. И поради ова Министерството за здравство конкретно треба да се ангажира за да го зголеми нивото на ефикасноста и да ги следи светските трендови за третманот на овие болести во цела Република, затоа што пушачите ги имаме на секое место и во секоја просторија. Затоа на овој проблем верувам дека ќе му пријдеме со една нова стратегија каде во прв ред треба да се настојува да се измени менталитетот од сите возрасти и полови каде секако дека ќе се направи со конкретни проекти, почнувајќи од Струга до Гевгелија каде што бројот на респираторните болести и кардиоваскуларните болести е во пораст. Додека капацитетите на овие институции, или конкретно на институциите кои се занимаваат со третманот на овие болести за жал не е во добра состојба. И поради ова се сведоци во прв ред вработените. Второ, тие кои се повеќе оштетени, а тоа се пациентите. Исто така, треба да се спомне, говорам за центрите за рехабилитација кои исто така имаат своја тежина и ќе треба да се презентираат во поголем број и да бидат поприфатливи за сите граѓани. Што значи дека во прв ред овие центри треба да се опремат со помодерни средства кои припаѓаат на ова време и овие средства треба да се наменат во прв ред за снабдување со помодерни средства кои се тренд на времето. Сега засега ние во Клиничкиот центар имаме две, или три томографски компјутери, додека на пример во центрите како што е Тетово, Гостивар и тн., немаме ниту еден компјутер. Јас си поставувам едно прашање. Која е формата и начинот на третманот на овие пациенти кога треба со недели да чекаат да се определат термини во нашата Клиника. Затоа е добро, можеби е последно време Министерството за здравство непосредно да му пријде на овој сериозен проблем за третманот за дијагностификација на овие болести во порана фаза.

Јас ќе говорам и за едукативниот ефект, верувам дека нема да отсуствува и во образовните институции, почнуваји од предшколските возрасти, за жал што е присутно и до студентската возраст, велам во континуитет, а не само во тоа дека еве, правиме програми, туку верувам дека овие програми во иднина ќе бидат практични и ќе им пристапат на потрошувачите чиј број со овие проекти треба да се намали и никако да се зголеми и можеби ефектот од овие мерки не е таков за да произведе против ефекти.

Почитувани колеги, сето ова што го кажав, го кажав од загриженоста и последиците од ова кое е во цел свет и е прогласена борба. Верувам дека и ние сме дел на овој проект, светски проект.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Цветанка Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам господине претседателе, претставници на Влада, колеги пратеници. Ова последно изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита го поддржувам од двете причини заради кои се носи. Првата е таа што моите колеги доктори, а и другите кои ќе формираат во иднина здравствени установи нема да се мачат и да трошат време, а времето е пари како до сега за да го сторат тоа. Тоа ќе го овозможи едношалтерскиот систем и се што е опфатено и обработено во членовите 3,4 и 5.

Втората причина, иако е втора, не е помалку важна, дури за мене е многу поважна, а опфатена во членовите 32-а натаму, е зафаќањето во цената на тутунските производи заради унапредување на здравјето на населението, за превенција и лекување на болестите. А нив ги има повеќе и се повеќе и се во пораст во Република Македонија. Старосната граница на болните пушачи, а исто така и на смртноста од истите се движи наназад кон помладата генерација кон 35-тата година. Значи, ја зафаќа најпродуктивната возраст и треба нешто итно да се преземе. За жал со болестите како последица од пушењето овие лица се инвалидизирани, или со намалена работна способност, а трошокот за лекување е дополнително оптеретување и за поединецот и за државата. Нема да ги коментирам дадените тебели во Законот и нивните застрашувачки бројки. И тука не можам да се сложам со колешката Којзеклиска, како пратеници треба да ја знаеме состојбата со своето население. Но, ќе кажам дека секои 4 минути во светот умира по еден човек од последици од пушењето. Затоа Светската здравствена организација го карактеризира пушењето како масовна појава што претставува приоритетен здравствен проблем во светот, а кај нас уште повеќе, бидејќи пушењето како појвава е во пораст како и во сите останати земји во транзиција. Бидејќи здравството е најважна инвестиција во општествено економскиот развој на секоја држава, се разбира и на нашата мора да не загрижи состојбата на пушачката генерација, односно популација како машка, така и женска.

Подолго време се заговараше ваков чекор, зафаќање во цената на тутунските производи, затоа уште еднаш го поздравувамдонесувањето на овој закон.

Сметам дека е една од мерките за превенција од пушењето, можеби непопуларна, но потребна и праксата ќе покаже дека е корисна.

Не можам да се согласам со мислењето на колегите пратеници дека висината на надоместот што се плаќа при производство и увоз на тутунски производи треба да се намали од

понудените 0,25 по парче на 0,0. Знаејки ја здравствената состојба на населението во Република Македонија уШте еднаш го поздравувам и подржувам понудениот Предлог од Владата.

Загриженоста од раководството на тутунските комбинати не ја оправдувам. Дури мислам дека ова треба да го пдоржат пред се како луѓе за луѓе. Коментарите дека ќе порасне шверцот со цигари исто така не држи. Оваа држава има заштитини механизми, ќе се вклучат сите релавантни структури во борба против оваа појава која и штети на државата и сега и во овој момент, а ќе и штети и во иднина.

Распределбата на средствата што ќе се остварат со ова зафаќање е уште еден доказ дека Владата има и сенс и визија за зачувување на највредното, на здравјето на својата популација, на својот народ, а тоа ќе даде повеќекратна корист бидјеки распределбата на тие пари е во здравството, во земјоделството и зачувување на животната средина. А, лудите пари, како што рече колешката Којзеклиска што ќе се приберат ќе бидат сигурно искористени разумно, наменски и апсолутно за добробит на граѓаните. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господо Којзеклиска, повелете три минути за реплика.

**Марија Којзеклсика:** Благодарам претседателе.

Не сум лекар по професија, знам да ги читам овие статистички податоци и табели што нис е дадени во самиот Предлог, или образложението, туку сакав само да прашам.

Статистички колку белодробни карциноми имаме ние од вкупно регистрирани пушачи во Република Македонија, ако знаеме дека околу 1, 1 милион се пушачи. Бројките велат од нив на Клиниката за пулмологија, на Клиниката за тораковаскуларна хирургија и Институтот за онкологија и радиотерапија починале или биле третирани 674 пациенти. Значи, прашање е врз основа на која статистика во Министерството за здравство е утврдено вкупно статистички колку од сите пушачи во Република Македонија починале од белодробен карцином. Не ги спомнувам кардиваскуларните заболувања и другото.

Вака како што изгледа ние сме за борба против пушењето, но од она што можев да го слушам и од минситерот меѓу редови и она што го кажа колешката Гашоска, па ние да не ги лечиме тогаш тие луѓе, да не троши државата пари, затоа што избрале да пушат. Искрено да ви кажам не верувам од досегашното искуство од 15 септември 2002 година дека средствата од 1 милијарда денари ќе се потрошат и разумно и рационално. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Не ми е јасно што мислите по тоа "врз основа на која статистика".

**Марија Којзеклсика:** Каков вид статистика утврдиле дека 674 луѓе се лечат од вкупниот број на пушачи во Република Македонија и колку од нив заболеле со белодробен карцином.

**Љупчо Јордановски:** Тука нема статистика, тука се бројат во болница.

**Марија Којзеклиска:** Се бројат, ама претседателе од 1,1, милион пушачи има во Република Македонија сите не умираат и сите не се разболуваат.

**Љупчо Јордановски:** Болните се изброени и тука нема статистика.

**Марија Којзеклсика:** Што ако се 0,5%, која е инцидентноста тогаш.

**Љупчо Јордановски:** Господине минситре да ја завршиме ние расправата па после вие ќе кажете завршен збор ако имате потреба.

Господине Стојаноски повелете, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван господине Јордановски, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Јас сакам тука да го искажам мојот став против донесувањето на вакви измени од неколку причини кои што сакам да ги елаборирам пред македонската јавност.

Прво, затоа што со предлагањето на ваков закон Владата признава дека во Буџетот нема пари за овие намени. Тоа што значи? Значи дека Владата или не е способна да го полни Буџетот на начин кој што значи задоволување на потребите од здравствена заштита на граѓаните на Република Македонија или економијата ни е дојдена до тој степен да нема повеќе пари за полнење на Буџетот, па мора да зафаќаме врз потрошувачката на одредени производи. Јас не сакам сега да зборувам, меѓутоа ако сега удриме на цигарите за заштита на здравјето на пушачите со цените утре можеме да удриме на некои други видови производи за заштита на оние лица кои што се ризични групи и кои што можат да добијат одредени видови болести заради јадењето на благо, на чоколади, или не знам кои други работи, зато ашто тие производи би можеле да влијаат како фактор за добивање на одредени видови на болести.

Значи ова како аргумент јас не можам да го прифатам, цената на цигарите треба да се покачи и тоа е основен предуслов за да се обезбедат пари во Буџетот и тука Министерството ќе направи проекти, односно програми врз основа на кои потоа тие пари ќе ги троши на начин кој што ќе значи подобрување на општата здравствена состојба, пред се на штетните последици од пушењето. Тука веднаш се вклучува и екологијата, затоа што пушењето директно влијае на екологијата, а не влијае бензинот, нафтата, не влијае загадувањето на разни начини кое што се случув аниз Република Македонија, туку влијае само на овој дел од пушењето. Ова е еден начин, или еден пристап кој што е иманентен, ако можам така да кажам низ долги години наназад кој што се практикува во Република Македонија, а тоа е во отсуство на концепција за решавање на одреден проблем се применуваат вакви инцидентни мерки кои што непреставуваат ниту трајно, ниту концептуално, ниту долгорочно

поставување на основите за решавање на проблемите кои произлегуваат од пушењето и се во врска со пушењето. Меѓутоа, ова влијае врз други работи.

Македонија е една од земјите заедно со некои африкански земји кои што заземаат рекордно ниско место по степенот на корупција. Степенот на корупција сигурно дека зависи од однесувањето на државните органи односно можности за ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски почнувам да ви ја мерам првата реплика, бидјеки прво треба да зборувате по текстот на законот, тоа е првата дигресија, можев да разберам госпоѓа Којзеклиска да зборуваше со нешто што не е со здравство врзано, а сега вие зборувате нешто пошироко. Затоа првата дигресија ви почнува.

**Блаже Стојаноски:** Не е дигресија господине претседателе, затоа што во овој закон стои став каде што се вели дека надоместокот за производство на тутунски производи не се плаќа до колку количината на производите што се фактурира е извезена. Тоа што значи? Значи дека ако некој оценил на пример дека во царината има корупција, дека има корупција во одредени органи кои што треба да водат сметка за контрола на границата ние не можеме да бидеме сигурни дека ова нема да биде начин на кој што ќе се промовира уште едно зголемување на тој вид на коруптивно однесување и внесување во Република Македонија на дополнителни количини на цигари кои што ќе значат зголемен профит не за Буџетот на Република Македонија, туку за оние кои што вршат шверц на ваков вид на производи.

**Љупчо Јордановски:** Тој сомнеж го прифаќам и дискутирајте вооднос на членовите.

**Блаже Стојаноски:** Ова е членот 2 од Предлогот и се однесува за додавање на членот 32-а каде што се состои сето ова што го зборувам сега.

Значи, делот кој што се претставува тукакако аргумент од страна на Владата дека со зголемвуањето на цената на увезените и произведените цигари во Република Македонија ќе се зголеми приходот во Буџетот на Република Македонија не држи апсолутно, затоа што верувајте на овој начин ќе се постигант две цели.

Едната цел е зголемено присуство на шверцувани стоки на пазарот, шверцувани цигари.

Второ, ќе биде зголемен обемот на коруптивно однесување на оние кои што треба да вршат контрола на границите, затоа што на тој начин се враќме, наместо на либерализација одиме на бирократски однесувања кои што значат дефинитивно зголемување на процентот на негативни оценки за Република Македонија во целина.

Понатаму, имаме една граница која што не е обележана и каде што слушаме секојдневно дека многу лесно се преминуваат и од цели групи луѓе , имаме и друга граница каде што еден добар дел може многу лесно да значи пробивање на контролата од страна на надлежните државни институции, што ќе значи дефинитивно Република Македонија да стане мета за профит на шверцерите со цигари. Тоа е вторит аргумент.

Третиот аргумент кој што сакам да го истакнам овде е во однос на оние тутунски комбинати во Република Македонија кои што под влијание на одредени тутунски босови во Република Македонија во изминатите 15 години дојдоа на дереџето да бидат пред стечај, во таква ситуација ние удираме директно, а по логиката на нештата тие произведуваат цигари кои што се насочени пред се за домашниот пазар, затоа што за 19 денари нема светска компанија за производство на цигари која што ќе пласира цигари во Република Македонија, дефинитивно ќе значи удар на овие производствени капацитети туntунски комбинати во смисла на намалување на нивниот пласман на производи, затоа што факт е дека тие цигари, бидејќи производителот директно ќе го контролира државата ќе бидат покачени не за 9 денари колку што велите, туку за 15 до 20 денари ќе биде покачувањето, затоа што методологијата за пресметување на ДДВ и начинот на пресметување на овој надомест што сега се заговара да се внесе во центата на цигарите дефинитивно ќе значи поголем обем на зголемување на цената на цигарите, а тоа е од 15 до 20 денари на една кутија. Значи, ако имаме како претходниот пример што го земам, една кутија цигари со цена на чинење од 19 денари, сега таа иста кутија цигари ќе кошта најмаллу 30-тина денари, значи од тие 30 денари ќе биде огромен дел кој што претставува давачки кон државата по различни основи, а многу мал дел е оној дел што останув акако приход на тутунските комбинати. Тоа дефинитивно ќе значи нов удар во смисла на

Прво, намалена побарувачка на цигари, потрошувачка од таков вид, затоа што за таа цена ќе има многу повеќе пристап до шверцувани цигари. Впрочем и сега на Бит Пазар можете слободно да се прошетате и да видите колку пари чинат шверцуваните цигари, а колку пари чинат цигарите што се купуваат легално во објекти за таква намена. Тоа е третата работа што сакав да ја истакнам.

Овде пред се сакам да ја истакнам мојата загриженост од влијанието на овие мерки врз Тутунскиот комбинат Прилеп кој што се наоѓа во тешка ситуација и ова дополнително ќе ја усложни ситуацијата во коај се наоѓа со директно административни мерки кои што влијаат врз пласманот на вигарите и на потрошувачката на нивните производи.

Понатаму, се поставува прашање во поглед на тоа зошто во Законот за здравствена заштита се предвидуваат вакви јавни давачки. Ова се јавни давачки бидејќи со Закон се предвидуваат. Знаеме согласно Уставот на Република Македонија дека имаме даноци и такси кои што претставуваат давачки кои што можат да им се определуваат на граѓаните на Република

Македонија. Овде стои дека надоместок, надоместок значи надомест на одредени видови на трошоци заради одредена цел која што треба да се постигне преку нивното плаќање. Овде нема никаде гаранција дека надоместокот за лекување на корисниците на цигари преку програмите кои што треба да ги изготвува Министерството за здравство, за екологија, за земјоделие директно се однесува на она што претставува нивни интерес, туку се однесува и на цели кои што преставуваат или се поставени на солидарна основа, затоа што знаеме дека за развој на земјоделието се определуваат дел од овие износи што се тука наведени, или дел за производителите за одредени други земјоделски производи кои што не се поврзани со производството на тутун и на цигари, дефинитивно значи дека ова претставува нов вид на јавна давачка, која што се дефинира во цигарите.

Затоа сметам дако веќе сака Владата на Република Македонија, ова не го упатувам на вас како минситер за здравство, туку Владата на Република Македонија ако сака да постигне зголем прилив на средства во Буџетот на Република Македонија тоа може да го направи во измена на стапката на данокот за цигари. Тоа е начинот, а вака директно заради тоа што се користи, или аргументот кој што го дава Владата на Република Македонија зошто ова оди преку измени на Законот за здравствена заштита,понатаму можеби и на други закони кои што ќе значат користење на средства од овние намени, дефинитивно можам да кажам дека претставува погрешен пристап, затоа што заради тоа што Министерството за здравство ќе прави програми врз основ ан акои што ќе се трошат собраните средства поовој основ, тогаш овие одредби треба да стојат во Законот за здравствена заштита. Верувајте нема логика. Давачките што влегуваат во Буџетот, и самите велите во трезорската сметка се влечат, во Буџетот на Република Македонија. Овие не се фондови, фондовски пари, па се формира фонд кој што директно се грижи за заштита на здравјето на пушачите и на последиците од штетноста на пушењето. Врз основа на тоа тој фонд тие пари треба да ги троши за цели кои што се дефинирани во програми идиректно за тие намени. Овде зборуваме дека тие пари влегуваат во Буџетот на Република Македонија, а од друга страна во Законот за здравствена заштита ги наведуваме како посебен вид на надоместоци кои што влегуваат во трезорската сметка заради програмит ешто треба да бидат остварени на овој начин.

Тука таа дилема сигурно дека не е отстранета со предлагањето на овој закон.

Она што го кажа колешката Којзеклиска го пдоржувам, затоа што ние добиваме закон во кој што немаме аналитички пристап за тоа што се сака да се псотигне со него освен дека целите се, како што стои во образложението, штетните последици од пушењето треба да бидат на некој начин третирани со соодветни парични средства кои што ќе значат подобрување на состојбите во оваа област. Јас се согласувам дека треба тоа да се случи, меѓутоа сметам дека ова не е начин на кој треба тоа да се случи заради тоа што ова што претставува посебен интерес на Република Македонија не може да се реши само со зголемување на еден вид на производи.

Затоа она што недостига, а што почнав да го кажувам е дека ние немаме податоци колку, сега морам да зборувам затоа што законот е таков, законот за здравствена заштит аи оди преку Министерството за здравство колку пари Министерството за здравство очекува да се соберат по овој основ. Дали тие пари се доволни и во колкав обем ќе ги задоволат потребите за остварување на целите кои што ги наведувате во образложението за донесување на овој закон. Што од тие пари врз основа на програмите кои што треба да бидат донесени од страна на Владата на Република Македонија и од страна на Министерството за здравство, што ќе се нарпави во смисла на подобрување на состојбата со оние делови од здравствениот сегмент кои што се задолжени за третирање на овие заболувања. Значи, мораме да имаме барем правец во кој што треба да се движиме.

Тоа сигурно ќе стои во програмите, меѓутоа, сепак, за донесување на еден ваков закон што претставува вистински сериозен начин на отстапување од тековните односи кои се регулираат во областа на даночната политика во целина.

Дефинитивно, на крајот сметам дека ова ќе биде само уште еден начин да се соберат пари од граѓаните или да се направи обид да се соберат пари од граѓаните. Ефектите нема да ги видиме затоа што овој закон ќе влезе во сила некаде по Нова година, наредната година знаеме дека некаде во средината или после втората половина ќе дојдат нови избори, ќе дојде некоја нова влада и т.н., па ефектите од она што ќе го правиме со ваквите измени на законот, усвојувањето на тие програми кои треба да се реализираат после тоа ќе биде оставено на некоја друга влада и на едно друго време во кое ниту ќе има доволно средства до тогаш обезбедено, а од друга страна, во овој период она што ќе може да се види ќе биде зголемено присуство на шверцувани цигари по улиците низ Република Македонија и намалување на продажбата на цигарите од домашно производство кои директно значат дополнителен приход и за Буџетот, меѓу другото, затоа што тие во себе содржат и дел кој се однесува на акциза и ДДВ, што директно значи полнење на Буџетот на Републиката.

Толку би имал да кажам сметам дека многу добро се разбравме, сметам дека и министерот се согласува со овие ризици кои ги искажав претходно во поглед на негативните ефекти што ќе произлезат од овој закон или затоа сметам дека најдобро ќе биде, ако веќе се оди на овој

начин да се решава проблемот, тоа да се решава преку измена на Законот за ДДВ и да излезе Владата, односно министерот за финансии Никола Поповски и да каже дека од 18% ДДВ за цигарите се зголемува на 20% или 22% и тие пари согласно Буџетот кој што треба сега да го донесеме да ги дефинира како пари кои треба да бидат трошени врз основа на програми од Министерството за здравство. Тогаш ќе помислам дека оваа Влада навистина има сериозен пристап во решавањето на овие проблеми. Се додека вака се решава со вакви инцидентни мерки и измени во Законот за здравствена заштита зборуваме за јавна давачка. Никаква доследност нема во овој дел.

Затоа, на крајот уште еднаш велам дека јас нема да ги поддржам овие законски измени.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Со реплика се јави господинот Макрадули, повелете три минути реплика.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, мислам дека пратеникот Стојаноски се обидува во заблуда да ја фрли македонската јавност и за наводни јавни давачки дека ова ќе го осетат сите граѓани на Република Македонија. Во интерес на вистината да напоменам дека делот што се одвојува, кој ќе влезе во Буџетот а потоа во Министерството за здравство со програма, се однесува за одреден процент или денари предвидени само за тутунските производи увезени или произведени и доколку во некоја хипотетичка ситуација зборуваме, ниедна кутија цигари не се купи, во тој случај нема да се собере ни денар од сето тоа, а дека не го прочитал образложението, па затоа поставува прашање, ќе го упатам да го прочита образложението каде што точно пишува колку се очекува да обезбеди Министерството средства од ова, тоа му беше едно од прашањата, врз база на просечната потрошувачка на цигари во Република Македонија, што исто така е дадена овде.

Исто така, не станува збор за некои проекти во Министерството за здравство што ќе се финансираат, а не знаеме какви, туку напротив, станува збор за проекти кои се поврзани со влегување едукација за болести за кои директна причина е пушењето. Тоа го пишува во причините поради кои се предлага донесувањето на законот. Проекцијата е дадена стручно, ретко гледаме вакво образложение, не можеме секогаш да видиме толку екстензивно образложение и мислам дека во овој случај не треба да се обидуваме да бараме некоја задскриеност кога сите ќе се согласиме дека пушењето како штетна последица довела до несакана смрт на многу граѓани не само кај нас туку и во цел свет и треба да ја поддржиме оваа мерка на опфатност и сериозност од страна на Владата во спречувањето на последиците од пушењето. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Чувствувам потреба да му дообјаснам некои работи кои му се нејасни на господинот Макрадули, па затоа ќе го прашам, ако може како прашање тоа да се постави. Имено, дали вие со овој закон правите фонд за пушачи, дали сметате дека државата може да дава услуги на здравствена заштита на осигуреници кои треба да ги плаќаат осигурениците или приватно тие можат да се плаќаат од страна на тие корисници на здравствена заштита. Државата може да прави само превентивни програми за заштита од пушење, или за превенција на последиците од пушењето. Таа не може да ги третира еден вид на осигуреници или еден вид на пациенти на различен начин со различен вид на финансирање од останатите пациенти. Тоа е она што треба да го разберете и тоа е она што државата не смее да го прави. Не смее парцијално да ја одредува ...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојаноски.

Повелете госпоѓо Станковска, имате збор.

**Славица Станковска:** Благодарам претседателе.

Почитувани, моето излагање ќе биде кратко и главно во насока на поддршка на Законот за измена и дополнување на Законот за здравствена заштита.

Како што ни е познато на сите, пушењето во светот е мошне распространето посебно во земјите во развој, каде спаѓа и нашата земја и се цени дека некаде 50% по популацијата пуши. Ако говориме за пушењето, тоа е право на сопствен избор, барем што се однесува до активните пушачи. За разлика од нив, пасивните пушачи кај нас, додека е во мирување Законот за заштита од пушење, немаат избор и не се заштитени од пушењето. Но како и да е, кога станува збор за предлогот за измени и дополнување на Законот за здравствена заштита, главно тој се однесува на зголемување на цената на тутунските производи и оваа мерка што ја предлага Владата на Република Македонија не ја гледа како единствена мерка која е во насока на намалување на пушењето, односно во насока на она за кое јас најчесто се залагам, на кое предмалку реагиравте, односно да се заштити дел од популацијата.

Кога говориме за цената на тутунските производи, сметам дека колку и да е таа голема, не може да се мери со цената што ја плаќаат активните, пасивните пушачи, па и ние во целина, со последиците од пушењето. Барем овие податоци што ни се достапни говорат дека пушењето претставува некаде 25 причини за смртност на популацијата во неразиениот свет, односно во земјите во развој, некаде процентот на причина за заболување е многу поголем во однос на европските земји, некаде 62%, а кога станува збор за женската популација, кај жените во однос на жените од Европската унија тој процент е два пати поголем.

Кога размислувам за ова законско решение што ми се нуди, главно зголемувањето на цената на тутунските производи ја гледам како мерка која ќе биде во насока на превентивно делување, односно во насока на финансирање на проекти за превенција, исто така и во насока на опремување со апарати, пософистицирани апарати кои ќе бидат во насока на дијагностицирање, а исто така и во насока на едуцирање посебно на младата популација.

Она што беше искажано дека ова ќе биде или нема да биде мерка во насока на намалување на пушењето, јас сметам дека ова како единствена мерка и нема да биде во насока на намалување на пушењето заради тоа што страствените пушачи, колку и да биде цената голема, таа единствено како мерка нема да биде како причина или повод да се откажат од задоволството што тие го чувствуваат.

Затоа, законот го поддржувам, но она што веќе го слушнавме и што беше спомнато од некои мои колеги дека не може и не смее да има селективен приод во лекување на популацијата односно на граѓаните, само како информација да кажам, а сигурно и колегите можат да дојдат до таа информација дека во некои земји од развиениот свет некои болести кои се последица на зависности од алкохол или пушење паѓаат на товар на корисникот на таа услуга, така што мислам дека мерката како мерка е добра, ја поддржувам, а добро е да се заложиме со други мерки да го намалиме пушењето во нашата Република. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Господине Стојаноски, имате реплика. Повелете три минути.

**Блаже Стојаноски:** Добро е што слушам дека колешката се бори против пушењето. Тоа е една тема што навистина треба да се почитува како тема и треба сите да ги искажеме аргументите за подобрување на состојбата во врска со подобрување на здравјето кај граѓаните на Република Македонија и тоа што произлегува од пушењето. Меѓутоа, факт е дека овде во овој закон имаме надоместоци кои не се образложени со мерки за превентивна борба против пушењето, односно за намалување на бројот на пушачите, туку тоа претставува извор на приходи кои треба како главна цел да имаат лекување на пушачите, пасивни или активни, од последиците од пушењето. Значи, треба да се разликуваат тие две работи.

Втората работа на која сакам да ја потсетам мојата колешка е тоа дека пред неколку месеци, ако се сеќавам добро, донесовме измени на Законот за заштита од пушењето, со кои се одложи неговото стапување во сила, односно примената на некои негови одредби. Ако е тоа така, јас не знам како може истата група на пратеници еднаш да гласа за одлагање на закон кој директно влијае на заштита од пушење, а од друга страна сега да покажува колку е важно да се зголеми цената на цигарите и на тој начин да се изврши влијание врз намалување на потрошувачката на цигари, а со самото тоа и на негативните последици што произлегуваат од пушењето.

Значи, сметам дека единствен ефект кој што ќе произлезе од овој закон тоа е зголемување на шверцот на цигари и намалување на продажбата на цигари од страна на компаниите кои се производители од Република Македонија. Ништо повеќе, ништо помалку. Ќе има ќар неко, ќе видиме кој ќе биде тоа.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Станковска, повелете.

**Славица Станковска:** Колега, да ве потсетам, при носење или при пролонгирање на рокот за примена на Законот за заштита од пушење до крај се борев, меѓутоа, за жал, мнозинството од Парламентот не не поддржи и имаме решение како што имаме. Но за ваша информација, Министерството не планира само последиците да ги лекува, туку и превентивно, тоа можете да го прочитате во материјалот што е доставен од Министерството дека средствата кои ќе се обезбедат ќе се користат не само за лекување на последиците, туку и превентивни програми, ќе се користат за набавка на пософистицирана опрема, цитирам, "и зголемување на превентивни мерки во насока на зголемување на едукација, промоција за штетност на пушењето и изготвување на истражувачки проекти за влијание на пушењето врз здравјето на луѓето". Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, да ви дадам две секунди да се извините на госпоѓа Станковска бидејќи таа не гласаше тој закон да се одложи.

(Пратеникот Блаже Стојаноски без уклучен микрофон потенцира дека ги употребил зборовите "група пратеници").

Вие реплициравте, од таа група пратеници никој не зборуваше, според тоа, вие сте политичар.

(Пратеникот Блаже Стојаноски ги повторува зборовите "група пратеници кои го поддржаа одлагањето").

Вие реплициравте на госпоѓа Станковска, а не на група пратеници. Вие тоа што го кажавте, признавам, политичар тоа го прави.

(Пратеникот Блаже Стојаноски без уклучен микрофон вели:"и истата група која го поддржува овој закон").

Повелете господине Оровчанец, имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, господине министре, господа пратеници,

Гледам дека влеговме во една дискусија во која испомешавме неколку работи. Очигледно, непознавањето на некои работи и желбата нешто да се направи создава кај нас и недоумици и дилеми.

Прво, би сакал да одговорам на неколку прашања, односно она што низ дискусијата се

наметнува, а го наметнаа пратениците од мојата пратеничка група, одговараше господин Јани Макрадули и други. Дилемата околу оваа давачка треба да биде јасна. Сепак, ова е јавна давачка. Ако објаснувањето дека само пушачите би плаќале, тогаш не гледам причина да има ДДВ и акциза на цигарите во продажба, ако тоа не е јавна давачка спрема тој производ. Оваа мерка влегува практично во јавните давачки и сега е прашање дали во оваа законска форма може да се реализира или тоа треба да биде преку Министерството за финансии.

Овој закон не е во заедница со Законот за кампања против пушењето и забрана на пушењето. Исто така, тука не можеме да ги наметнуваме тие дилеми. Во основа, за да имаме правилна поставеност, прво треба да се дефинира каква е оваа давачка, каде е и да биде јасна и прецизна и на тој начин да се постапува. Од она што е сознание, тоа е дека овие средства 0,25 денари од цигара треба да стигнуваат, односно да се прелеваат во Министерството за финансии, а не во Фондот за здравство, дека во Министерството за финансии овие средства ќе бидат наменети за здравството, односно за Министерството за здравство. Со други зборови, ако ова се случи, тоа значи дека ќе се изгуби една пракса која беше до сега, а тоа е дека државата континуирано презема одредени програми во системот на здравствена заштита кои имаат превентивен карактер, од една страна, и друго, подигнување на севкупното ниво на здравствена заштита во Република Македонија.Што подразбира ова? Намалување на инцидентноста, спречување, рано откривање и т.н., што на некој начин е ирационално во здравствениот систем, меѓутоа, претставува и ефикасност во смисла на помала инвалидност, во доменот на севкупната популација во Република Македонија. Овие програми ги наброивме и тие ги имавме практично денес во Комисијата за здравство при расправата за Буџетот и констатацијата од она што можевме да го видиме е следната. Тоа е дека сите програми кои треба државата да ги финансира, нивната вредност за целосно исполнување изнесува некаде околу 960 милиони денари за година дена за следната буџетска година, за 2006 година. Меѓутоа, и досегашната пракса, а и она што Министерството за финансии го изнесе повторно денес е дека никогаш државата не ги завршила своите обврски според програмите што самата ги носи во ова Собрание, односно исполнува само една третина од нив, а другите пари за реализирање на тие програми се практично средства кои се користат од Фондот за здравство, што е погрешна намена на средствата од Фондот, затоа што се средства на осигурениците за користени дејства, односно за лекување на тие осигуреници. Значи, со ова веќе можеме да сметаме, доколку се прифати, Министерството за финансии да земе за обврска, да прифати дека во целина 100% ќе ги реализира програмите и на тој начин ќе го растовари Фондот во куративниот смисол. Не може онака како што се зборуваше овде од овие средства да се користи дел за лекување на заболените од белодробниот карцином. Лекувањето може да биде реализирано според законите во оваа држава на два начини, и тоа прво, доколку е осигуреник, Фондот за осигурување да ги плати трошоците на лекување, доколку не е осигурен, да плати приватно.

Меѓутоа ,можно е државата со превентивен обид да направи нешто што ќе биде подигнување на нивото на здравствена заштита, а тоа е специјална програма што ќе ја реализира, на пример, за рано откривање на белодробниот карцином, што подразбира одреден пакет на работи што треба да ги спроведе за одредена сума на пари, реализирани од ова. Значи, покрај оние програми, да се внесат и други програми.

Од друга страна ова не претставува реформа на здравството, ова е само собирање на пари кои фалат. Буквално фалат во оној сегмент каде што се превентивните пари. Значи доколку се приверат овие средства според проекцијата која што е направена, тогаш би требало да бидат собрани околу 1 милијарда и нешто денари врз основа на оваа интервенција на Законот, а вкупните трошоци за превентивните програми изнесуваат со буџетот за следната година околу 960 милиони денари. Тоа значи од предвидените 300 милиони денари кои што сега ги обезбедува Министерството за финансии од Буџетот за превентивните програми, можат да останат како средства за наредната буџетска година и од нив може да направи државата, не министерството, но на предлог на Министерството за здравство државата да купи одредени инструменти или други потрепштини кои што се приоритет на здравството на оваа држава, посебно во овој сегмент.

Реформите значат нешто друго. Тие значат да имаме поголема достапност, пациентите со лекарите, да имаме поголема опфатеност, зголемување на содржината на пакетот на услугите. Понатаму, рационализацијата внатре во сегментот на здравството и експедитивност во работењето. Сето ова може со друга поставеност на организација, со воведување на доктрини и пред се, она што континуирано ни фали од почетокот на транзицијата досега и покрај моето упорно инсистирање, национална стратегија односно донесување на национална стратегија за здравство, каде што и овој сегмент ќе беше опфатен и ќе беше логична последица на нешто околу што сите ќе се боревме како заеднички проект.

Мојата дилема овде е не дали треба да се обезбедат овие средства, по мене овие средства треба да се обезбедат, дилемата е во менаџирањето на овие средства. Дали е ова вистинскиот начин со овој закон или е тоа е преку она што господинот Стојановски го кажа како јавна давачка на Министерството за финансии кој ги обезбедува.

Втора дилема е капацитетот на државата да успее да ги собере овие пари односно намалување на шверцот итн.

Трето, што треба државата со ова да направи, затоа што сигурно и комбинатите во оваа смисла ќе имаат некој удар државата да успее дел од тоа да го компензира и да им даде стимул да можат сето тоа да го изработат и да оди за извоз. Оние дилеми кои што овде се наметнуваа или образложението кое што се нуди, мислам дека оди во прилог на барање на една слика за штетноста на пушењето. Таа слика за штетноста на пушењето не треба на овој начин да се создава, затоа што на некој начин е фиктивна, затоа што она што Којзеклиска го кажа може поинаку да се постави. Кој е процентот на оболени од белодробен карцином кај пушачите? Ќе видите дека е многу мал. И тогаш веќе ќе може да се продискутира, па дали пушењето е причина за тоа. На тоа некој може да се надоврзе дека и кај непушачи се јавува карцином на белите дробови и тоа е точно. Меѓутоа, факт е, штетноста на пушењето ви за ви здравјето на луѓето и околу тоа не треба да спориме. Но, факт е дека ова го правиме не во кампањата, затоа што тоа е посебен друг сегмент, туку затоа што се потребни средства за реализирање на превентивните програми, кои како обврска стојат во оваа држава, а досега не ги исплаќаше. Ова е 4-та година да не ги плаќа и мислам дека, овие средства не се ни предвидени во буџетот, ако законот се донесе можеби до носење на буџетот ќе треба да има исправки, за да има правилна проекција, за да не останеме понатаму сето тоа да го реализираме со некој ребаланс на буџетот.

Значи, поентата ми е развојот на превентивните програми државата да го финансира овој еден сегмент каде што може да учествува и на тој начин да го растовари и фондот за давање на средства за превентивните програми, што е исто работа која што не треба да се случува.

Генерално јас сум за зголемување на средствата, меѓутоа не сум сигурен од стручен аспект, затоа што таа постапка лично не ја знам добро, дали е тоа со овој закон или некој закон кој што треба Министерството за финансии да го донесе. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Крстевски имате збор.

**Зоран Крстевски:** Благодарам претседателе,

Сега ние на дневен ред имаме практично два закони кои ја тангираат оваа сфера со два различни аспекта на проблемот на пушењето. Овој е закон што ни го предлага Министерството за здравство и се однесува за дополнување на Законот за здравствена заштита, а по точка 51 имаме од група пратеници кои предлагаат закон за ограничување на потрошувачката на тутунските производи со Предлог на закон. Можеби беше рационално да се приближат овие точки и да се види всушност за каква стратегија и политика се залагаме, бидејќи сите овде кои дискутираат се повикуваат на светските трендови за поголема заштита од дроги, од никотинот и Македонија како една од земјите која ги следи тие трендови, сигурно дека ќе треба да ги следи.

Одтука, Министерството за здравство и на министерот во собирањето на даноците и приходите што повеќе средства да се одвојат и да се стават во функција на заштита на луѓето заболени како една од причините заради пушењето, треба да се подржи и мислам дека тоа е добро. Друго е прашањето колкава е зафатеноста, колкаво е влијанието, но во секој случај ние како пратеници треба таа политика на нашето здравство да ја поддржиме, бидејќи со тоа ќе имаме поголема превентива и здравје кај луѓето. Мене ако ме прашате, јас за овие пушачите, бидејќи јас сум непушач сега, можеби некогаш ќе пропушам, јас би им наметнал два пати да плаќаат. Имам во семејството такви, па би предложил една кутија да ја плаќаат два пати. И, можеби тоа на некој начин ако не влијае на свестта ќе влијае на џегбот и така некои ќе престанат да пушат или ќе бидат помалку подложни на болести. Меѓутоа, животот е таков што некој треба да се лечи од пушење, ама пак некој живее од продажба на цигари и од прозиводство на тутун и тука беше многу важно на ваква расправа, на овие цели за коои министерот за здравство денес зборува, да ја имавме и концепцијата на Владата околу развојот на тутунската индустрија во Македонија, бидејќи тоа е една значителна гранка која зазема една голема социјална категорија, така едноставно преку овој проблем не може да ссе пројде. Јас од искуство во Владата знам дека водевме политика на намалување на посевите со тутун, меѓутоа таа политика на намалување подразбира истовремено и политика на подршка на тоа население да ја замени таа култура или пак да има некои други, да речам, перспективи да се вработува, дали во индустрија, дали да отвора свој бизнис, во секој случај тука треба едно комплексно прашање.Е, сега, дали овој надомест што овде го спомнуваат законот е дел од една даночна единствена политика која Република Македонија ја води или е тој некој парцијален данок кој на одреден начин е вон системот на даночното оптоварување и создава една нееднаквост меѓу правните субјекти и физичките лица во државата. Тоа е многу битно прашање. Овој надомест има смисла да се воведе ако е како кај колите со покачувањето на акцизата за да се намали девизниот одлив на Република Македонија и да се стимулираат купување на високотуражни автомобили итн, за што ние еднаш донесовме Закон и заради кој треба да видиме какви се ефектите. Меѓутоа, се плашам дека овде проблемот е сосема поинаков, бидејќи покачувањето на цената на цигарите по дефиниција создава простор за швер и евазија и заради тоа треба отворање четири очи. Јас ќе ви кажам еден пример што пред 4 или 5 години се случи во Словенија. Словенците, како што ги дал господ паметни, се пресметале и во еден долг

период имаат цена на бензините многу पониска, отколку во соседните земји. Тоа предизвика еден комерцијален интерес на граѓани од Италија, од Австрија, од Унгарија да доаѓаат во Словенија да полнат бензин и при тоа имаше убав ефект со тоа да се развива и туризам и трговија итн. За да се заштитат од Словенците, Австријците и Италијанците донесоа т.н. Закон за ТАБАКО со кој на пумпите, граничните пумпи кон Словенија ги изедначија цените на дериватите со цените во Словенија. Со тоа ги дестимулираа своите граѓани да ја преjдат границата, кога веќе некој решил од Милано да вози до Копар или не знам до каде, да запре уште во Трст и да наполни бензин.

Сега што се случува со цигарите? Тоа треба малку пошироко да го знаат граѓаните. Кај нас потрошувачката на цигари е некаде скоро 90%луѓето купуваат домашни цигари произведени тука, распоредени по класи, средна, ниска, висока, каде најмногу се трошат цигари кои се по цена на чинење од 35 до 45 денари. Значи, со надомест кој не е процентуален и кој е изразен во апсолутен износ во денари, таа категорија неоправдано ќе биде најмногу погодена, биејќи таа најмногу троши цигари и фактички ќе ја плати оваа политика која Владата сега ја наметнува. Е, таа е лоша политика, бидејќи во последните две години ако ги следите меѓународните извештаи Македонија заедно со Косово и Албанија останува во сферата на шверцот на цигари и е една од најсивите точки во Европа. Според тоа, цигарите од висок стил што ги пушат таму, сега да не ги рекламирам по име, тие колку да ги покачи сега државата, ќе ги најдете на пазарот и тоа по оние цени, по кои сивиот пазар ги продава. Тие повторно ќе си ги купуваат.

Вториот проблем е, проблем кој не го решивме во последните 7-8 години, а тоа е Грција како членка на Европската Унија ја искористи погодноста да го задржи фришопот на границата кон Македонија и со тоа на одреден начин цигарите кои ги продава таму максимално се поефтини од цигарите кои ги продаваме со ист квалитет и со ист бренд ние тука. Ако одите преку Грција, ќе видите дека сите автобуси застануваат и купуваат штеки, а тоа е директне одлив на девизи од Македонија.Истото се случува со Хрватските цигари, меѓутоа на Бугарскиот фришоп. Да не го спомнувам името, тие што пушат знаат, овде кутија чини 95 денари, а на фришопот во Бугарија е 25 денари. Кога ние овде сега ќе дополниме по 20 или 10 колку што предлага министерот, да знаете дека тој што има бугаринот фришоп таму има да се позлати од наши пари. Според тоа, една е желбата и политиката што се сака да се постигне со законот и тука поддршката на министерот е дека сака пари од Буџетот по основ на зголемени давачки на оние што пушат, што се трујат, да влезат во здравство е вред. Меѓутоа, се плашам дека другите инструменти на државата, инспекциите, царините итн, не се на она ниво на кое може да се запре евазијата на плаќањето на данокот. Според тоа, мислам дека би требало нешто многу повеќе да се смисли и да се предложи како една компаративна цел, да не се оди ригидно во покачување на цените од цените што ги имаат истите производи во регионот. Ете тоа ми е зборот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Јас сакам само да ја потсетам Владата, со оглед на тоа дека ова е само еден сегмент од оној паричен износ за кој треба да се зголеми цената на цигарите, остантите сегменти се Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Значи, секое од тие министерства, како што кажа и министерот, сами треба да си поднесат закони во кои ќе ги бараат истите средства, можеби и поголеми за она што ќе им припадне од зголемената цена, а не е предвидено во Буџетот, што го имаме пред нас како Предлог буџет, дека овие средства ќе влезат во Министерството за здравство.

Јас разбирам дека законот сеуште не е донесен и не е усвоен од страна на парламентарното мнозинство, а ќе се усвои. Значи, само да ја потсетам Владата кога ќе дојде ред да се зборува за буџетот и овие средства да бидат предвидени, за даможеме да видиме по програми, онака како што велеше министерот, да бидат распределени во соодветните сегменти. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи, нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да преминеме на гласање.

Во салата се присутни 63 прратеници.Ги молам пратениците да притиснат било кое копче за да не се пребројуваме.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 53 за, 5 воздржани, 2 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Присутни во моментот на гласањето биле 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 31 - Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2006 година.**

Предлогот на одлуката, Мислењето на Владата и Извештајот на Комисијата за економски прашања, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници 55 гласале, 48 за, 6 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2006 година.

**Минуваме на точка 32 - Предлог на финансиски план за Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2006 година.**

Предлогот на Финансискиот план, Мислењето на Владата и Извештајот на Комисијата за економски прашања, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Повелете господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Почитуван претседателе, почитиван претставник и директор на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Пред нас го имаме Финансискиот план за 2006 година.

Јас и на Комисијата за економски прашања говорев и мислам дека некои работи со господинот директор ги расчистивме, но остана нешто за што мислам дека македонската јавност и колегите пратеници кои не се членови на Комисијата за економски прашања, треба да знаат како функционира таа Регулаторна комисија која ја избираме ние како пратеници во Собранието на Република Македонија. Значи би почнал со она што е финансиски план затоа што претходно да може да биде финансискиот план она за што ќе говориме сега со колегите пратеници, се донесе одлука за давање согласност на утврдена стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2006 година и таа ќе биде некаде 0,053% од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност во Република Македонија, остварен во 2005 година. Тука Регулаторната комисија го земала процентот од 3,8% за зголемување на бруто домашниот приход кој, бидејќи овие денови го разгледуваме и Буџетот, е малку поголем, за 4%. Но, во секој слуај и тие 0,2% сигурно ќе влезат во овој финансиски план кој го предвидела Регулаторната комисија. Но, јас би сакал да се осврнам на неколку точки за кои имаме известување, еве сега имаме две недели до Нова година, овој план требаше да го добиеме некаде на почетокот на октомври или на 1 октомври. Но, еве две години ни се повторуваат одредени членови од Регулаторната комисија и после истекот на рокот да не бидат членови на Регулаторната комисија, затоа што, дали ние доцниме, или доцнењето доаѓа од страна на Регулаторната комисија. Три-четири месеци, еден од тие пет членови, еве две години по ред останува да биде биран после два или три месеци, откако изминал рокот, да биде член на Регулаторната комисија. Во секој случај мислам дека тоа е работа која треба да ја надминеме и за која, едноставно треба време. Можеби, како што доаѓа се повеќе, да кажам, независноста на Регулаторната комисија, која е очекуваме во наредните години, така и овие проблеми да ги нема.

Значи, во однос на планираните приходи кои се некаде планирани на 39.860.000 денари, од кои планирано од надоместок на друштвата кои вршат енергетска дејност 30.320.000 денари и пренесени приходи од претходната година 9.540.000 денари. Значи, ова пренесување на приходите од претходната година беше и во финансискиот план кој го разгледувавме за 2005 година и повторно имавме префрлање, но тогаш 10.837.000 денари. Значи сега и тогаш, во однос на она што е планирано од приходите, имало пренесување на зголемен приход од претходната година. И сега дали е тоа паметно, затоа што тоа е некаде околу 24% од вкупните финансии што ги предвидува Регулаторната комисија. Мислам треба да имаме некоја сигурност дека Регулаторната комисија реално ќе си ги направи сите овие средства од сите комитенти кои учествуваат во енергетската област и дека тука не би требало да има проблеми и покрај тоа што последните сознанија се, посебно оние, да кажам, поститните производители дека влегуваат со некои проблеми во однос на плаќањето на својата давачка кон Регулаторната комисија и своите обврски кои претставуваат и законски обврски.

Нешто што би сакал да го коментирам во однос на планираните расходи од работењето, тоа е генералната ставка на табела 1, ставката 3 - трошоци за вработените кои изнесуваат 20.050.000 денари, или од вкупните планирани приходи од работењето изнесуваат некаде околу 50,3%. Значи и тука како и во останатите агенции, комисии и се она што го формира Собранието или што во меѓувреме го формира Владата и она што го имаме во Буџетот и Регулаторната комисија, процентот што треба да се издвојува за плати во однос на вработените и во однос на она што значи трошок за вработените е премногу голем, според мене, затоа што 50% од вкупните средства да се трошат само за лични доходи и за трошоци на вработените, тоа за нивниот број вработени, 20 луѓе вработени во Регулаторната комисија, значи 5 ние што ги бираме и уште 15 кои Регулаторната комисија од формирањето до денес ги прими на работа. Така што 20 луѓе имаат некаде вкупни средства од 20.050.000. Значи по вработен доаѓа некаде 1.000.000 денари во текот на една година. Тоа се некаде 17.000 евра во текот на годината.

Јас сакав за оваа дискусија да имав некој податок во однос на она што значи не само број на вработени туку и структура на вработените, затоа што дојдовме во ситуација и при самиот избор на петте членови на Регулаторната комисија тука да имаме проблеми затоа што за одредени членови, ако добро се сеќавате, единствените карактеристики и она што беше позитивно за нивниот избор да бидат членови на Регулаторната комисија, со чест на исклучоците, требаше да бидат од населба Дреноец 2 и да поседуваат возачка дозвола Б-категорија. Сега тие луѓе, според она што го кажува претседателот и директорот на Регулаторната комисија, тие се сега стручњаци на кои ние треба да им ги кренеме платите до таму, да не можат да заминат од Регулаторната комисија во јавната управа или во јавните претпријатија кои се занимаваат со енергетската област, кои имаат повисоки плати отколку што имаме ние пратениците и што има Регулаторната комисија на Република Македонија. И сега се би било во ред до колку тие луѓе навистина се експерти во својата област, навистина ја извршуваат работата како што треба и резултатите од тоа ќе ги видиме сите многу брзо.

Моите забелешки во однос на она што го работи Регулаторната комисија, јас ќе кажам, еве со директорот разговаравме на таа Комисија и неговото ветување беше дека на 15 декември цената на електричната енергија ќе биде прикажана и ќе биде зголемена. Можеби случајно точка 4.1 од овој финансиски план има зголемување на електричната енергија за идната година, за некаде 18% и како што кажа директорот, тоа е случајно избрана бројка.

Јас очекувам, денес е 13 декември, значи за два дена ја очекувам Регулаторната комисија со Извештајот или конечно да се излезе со она што значи тарифа и да биде кажано колкаво ќе биде покачувањето на електрична енергија и дали воопшто ќе го има, затоа што и во Буџетот за Република Македонија, крајот на 2005 година, посебно последниот квартал е предвидено покачување на електричната енергија и тие средства апсолутно не се влезени во Буџетот, затоа што гледаме дека електричната енергија не е покачена и покрај предвидувањата на Владата. Сега дали е тоа заслуга на Регулаторната комисија, дали е тоа заслуга на компаниите кои работат во ЕСМ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски навлегувате во првата дигресија, бидејќи овде е Предлог-финансиски план а не извештај за работа на Регулаторната комисија.

Ве молам држете се до темата.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, мислам дека нема дигресија затоа што со работењето и покачувањето на цената на електричната енергија, она што треба регулаторната комисија, според Финансискиот план, да го добие од тие да кажам, претпријатија или акционерски друштва кои учествуваат сега во вкупната добивка на електрината енергија и нивната добивка ќе биде зголемена.

**Љупчо Јордановски:** Тој дел го поминавме во претходната точка.

**Спиро Мавровски:** Ние елабориране комплетно, но сега да говорам чисто за електричната енергија затоа што Регулаторната комисија, покрај електричната енергија ги третира и другите енергенси, како што е нафтата, како што е гасот, така што во тој дел до сега задоволувачки функционираме и дека тука сите промени на светската берза, можеби со мало задоцнување во однос на нашите соседи, но во секој случај се следи тој тренд на светска цена на нафтата и тука можеме да стигнеме. Но, во однос на електричната енергија, јас уште еднаш ќе кажам директна забелешка до Регулаторната комисија и до овој финансиски план затоа што сеуште немаме точна и појдовна точка колку ќе биде покачувањето на електричната енергија. Јас очекувам, еве имав ветувања од директорот дека на 15 тоа ќе се случи. Мислам дека оваа седница сеуште ќе трае, па ќе можеме да го искоментираме тоа по некоја друга точка која ќе следи понатаму.

Во однос на она што значи планирани трошоци, покрај ова што го кажав сега како трошоци кои се пребивани, расходи во однос на платите за вработени кои се покачуваат за 32% и сите давачки за некаде 34%, освен персоналниот данок кој е покачен за 46% во однос на она што беше минатата година, мислам дека големи трошоци влегуваат во она што значи договорни и други услуги под точка 7.1, закупнина за канцелариски простор. Таа во однос на минатата година ќе биде помала некаде за 500.000. Добивме објаснување дека заедничкиот простор ќе се дели со некој друг кој сега заедно со Регулаторната комисија ќе работи. Но, сепак тоа се 5.000.000 денари кои Регулаторната комисија треба да ги плати за закуп за канцелариски простор. Мислам дека тие средства, еве втора трета година стануваат 15.000.000, за пет години ќе станаст 25.000.000 и со тие средства државата можеше да откупи еден простор и тој да биде доделен во меѓувреме на Регулаторната комисија во текот на наредните години и да си го исплати и да биде во нивна сопственост. Така што, апсолутно не е потребно да се извојуваат толкави средства за вакви простории, затоа што еве веднаш после тоа следи и закупнина за друг тип на простор, некаде околу 210.000. Значи да се заокружи бројката на 5.000.000. Мислам дека тоа е премногу затоа што вкупните договорни услуги се некаде 8.783.000 денари, или од вкупните средства, некаде околу 50 до 60% претставува од вкупната вредност на она што значи договори и други услуги. Во тие договори, под точка 7, кажавме и на Комисија, сакам да кажам и сега дека во однос на семинарите и конференциите останува на истата вредност од 306.000 денари, преведувачки услуги 279.000 денари, сега ќе биде 239.000 денари, една бројка која во секој случај

фрапира, премногу е голема според мене. Понатаму обука на вработените, прв пат оваа година се воведува и таа ќе изнесува 300.000 денари.

И сега делот 7.12 за кој говорев и при формирањето на Регулаторната комисија, ќе говорам и сега затоа што поминаа три години, ако сакаме вработените во Регулаторната комисија да постигнат нешто и нивните плати да ги заработат, тогаш не можеме да дозволиме консултатнтските услуги од независни експерти од земјата и странство, како и авторски хонорари од 1.560.000 минатата година, оваа година да бидат 1.870.000 денари, значи покачување на овие услуги. За разлика од ова има стапки кои се драстично намалени и за кои и покрај објаснувањето од директорот, мислам не држат, дека постои начин и можности, токму на овој начин регулаторната комисија да биде презентирана и јас стојам на тоа без разлика што кажувате во однос на имелите кои може да ги користи Регулаторната комисија во која вработените работат.

Имаме уште една ставка 7,13, која не ми ја објаснивте минатиот пат, се надевам дека и сега ќе остане така, ставка од 426.000 која е многу поголема и од репрезентацијата која е дозволена во Регулаторната комисија, ставка за која немаме објаснување за што и како би се користела.

Значи, во однос на промотивните активности, јас стојам дека тука мора да имате повеќе средства. 99 илајди денари е една, премногу минимална што воопшто може да се издвои за една таква активност во странство. А, за активностите во земјава, 184 илјади денари вкупно собрани се исто колку што ќе дадете за преведувачки услуги. Мислам дека ова е апсолутно некоректно и дека мора тука да се најде начин сето ова да се корегира.

Во однос на списанија, весници, стручна литература, трошоците ги намалувате на половина. Од 450 илјади на 250 илјади. Мислам дека и оваа стапка мора да ја зголемите, без разлика колку вие сакате или не.

Доаѓаме на ставките каде што и предходно говоревме. Мислам дека дневниците за службени патувања, патни и дневни трошоци во земјава од 2 милиони се намалуваат на 410 илјади и дневниците за службени патувања и патни трошоци во странство од 4 милиони и 900, на милон и 970. Сега, ги прикажувате во вашите активности, јас го ценам тоа, многу повеќе активности, кажавте дека ќе учествувате на многу семинари, на многу конгреси на регулаторни комисии каде ќе се разгледуваат многу важни работи и тоа, сигурно, како човек од енергетиката го ценам. Мислам дека токму тука, во таа насока, Регулаторната комисија ќе треба да ги бара и да ги остручува своите кадри и оној дел каде што имаме хонорари и она што значи плаќање на надворешни колсутанти треба да се намалува. А, делот што Регулаторната комисија со своите вработени, од година во година треба да се зголемува и тогаш ќе имаме една права ситуација во која што средствата ќе доаѓаат во прави раце.

Инаку, се додека се покачуваат едните и другите средства, верувајте ми, кај луѓето кои ја познаваат проблематиката и кај тие кои не ја познаваат, гладајќи ги само бројките, а тука се говори за бројки, се работи за финансиски план, доаѓаме во една ситуација да многу не можеме да ги убедиме, а изгледа и не треба да ги убедиме. Затоа што во таа ставка, каде што имате патни трошоци и репрезентација, имаме разлика од некаде 60%, што е премногу, што мислам дека не е начин така да функционира Регулаторната комисија. Барем според мене. Можеби вашата стратегија е нешто друго.

Ќе кажам уште еднаш, ова што значат трошоци за репрезентација, што сте ги наголемиле само за 14%, за тоа што ќе прикажете активности во државата, мислам дека треба да бидат поголеми.

Овие непредвидени трошоци од 460 илјади денари, повторно поголеми од репрезентацијата мислам дека не е во ред и мислме дека може и мора да се најде решение.

Уште една работа што морам да ја кажам, една работа што ќе бидат две работи, едното е тоа што го кажавте, нашата соработка со Националното здружение на регулаторите на САД со сојузната држава Вермонт, регулаторното тело јас ќе се согласам со вас, искуствата, како што кажавте, тоа е учење на транспарентност и вклучување на јавниот сектор во одлучување во однос на ценат, во однос на работењето и во однос на она што го работат нашите луѓе во Америка. Мислам и ви препорачувам многу скоро тоа да го направите.

Со тоа ќе ги избегнеме сите овие манипулации и шпекулации во јавноста и кај стручната јавност затоа што се јавија многу дилеми, а секој го гледа проблемот од свој аспект. Тоа е во однос на тоа што го говоревме, во однос на цената на електрична енергија, од некаде 15%, претпоставките доаѓаат до 3 и 4 пати зголемување на електичната енергија. Тоа мораме да го избегнеме. Начинот на кој што ќе се стигне до сето тоа, моите колеги од Електро факултетот ги нема, тарифниот систем тука беше на разгледување, даден од ваша страна, од Регулаторната комисија. Се обидов некој да објасне, но тешко ни оди, за тоа што видовте и сами колку проблеми имате вие за да стигнете до конечното решение, колкава ќе биде таа цена на електричната енергија.

Она што го кажав на Комисијата, ќе го повторам уште еднаш во однос на лиценците. Вие ми кажавте дека сте издале 21 лиценца, со вредност некаде околу 500 евра, тоа се некаде околу 10.500 евра, за која што, според трошоците што ги има Регулаторното тело ги покрива само трошоците, од прилика, на она што значи трошок на Регулаторната комисија, презентација, давање. Но, тие лиценци се добиваат за енергетска работа во наредните 35 години, 30 години. Значи, тие 500 евра за мене се една минимална сума

која што Регулаторната комисија, не знам по кој модел, по која ставка стигнале до таа вредност од 500 евра, но во секој случај ве уверувам и тогаш кажаа дека тие 500 евра, едноставно еден дуќан да имате во било која чаршија ќе плаќате повеќе годишно, а не 500 евра.

Апсолутно, тука се работи за гиганти и тука треба да направиме разлика дали ќе дадете вредност и лиценца за работа во дистрибутивниот сектор, во секторот производство, дали тоа ќе го поделите, бидејќи разликите се огромни и во профитот и во работењето и во средствата и тоа ќе биде една бензинска пумпа што ќе може некој приватник да точи, да има и тој 500 евра и РЕК Битола и цело "ЕЛЕМ" да има пак 500 евра. Апсолутно не е коректно. Можеби тие имаат поголемо зафаќање во овие 0,053%, тоа е точно, но оваа лиценца некој ќе ја добие за наредните 30 - 35 години. Дали ќе ја користи цело време зависи од многу фактори. И тоа е точно.

Или да се намали рокот на лиценците или да има прелиценцирање или пак цената што е определена на ваков начин за лиценците, мислам дека не е во ред, според мене. Мислам дека е премногу мала.

Во однос на овој Финансиски план, уште еднаш ќе кажам дека имаме ситуација во која што единственото што боде очи, од сите овие средства што ќе се издвојат, апсолутно коректно во однос на активностите што ќе ги има Регулаторната комисија. Но, во однос на платите, во однос на вкупните расходи, повеќе од 20 милиони до 39 колку ги имате предвидено, мислам дека е премногу. Мора да се најде начин како тие луѓе да се стимулираат. Кажавте дека сега имате стипендии, има и многу млади луѓе во оваа држава кои немаат работа, кои можат да бидат многу полезни за Регулаторната комисија и вкупно за енергетскиот систем. Верувајте ми многу од нив сонуваат многу помали фирми отколку што е Регулаторната комисија. Би работеле за многу помалку пари, со многу повеќе елан.

Значи, или ќе направиме екипа каде што ќе имате стручни луѓе, кои ќе ги оспособите за наредните 2-3 години, или екипа на млади луѓе кои, тогаш веќе со намален број на вработени, со нивна зголемена плата, ќе стигнат да ја работат оваа иста работа и која што ќе носи резултати.

Уште еднаш ве охрабрувам, како независно регулаторно тело, она што е ваша работа без разлика на било која Влада што е сега и што ќе биде понатаму, вие да си ја работите вашата работа, затоа што ќе заостанете зад вашите колеги. Кога овој пазар ќе се реализира комплетно како држава и како граѓани на Република Македонија да имаме проблем.

Затоа, проблемите решавајте ги додека ги имаме за да не се натрупуваат, а тогаш се потешко и потешко ќе се решат.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Објавувам пауза до 17,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 16,32 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,00 часот.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Почитувани колеги, господине претседателе, на Предлог-финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, имаме доста забелешки. Јас ќе се обидам колку што е можно поконцизно, да ви ги соопштам нив во овој момент.

Прво, како што некои од дискутантите истакнаа.

**Љупчо Јордановски:** Не повеќе, туку еден.

**Илија Китаноски:** Едниот претходен дискутант како што истакна, расходите за плати на вработените се превисоки. Према нашите пресметки, што се обидовме да ги направиме, тргнувајќи од вкупниот број вработени, за вкупниот обем на нето и бруто плата, излегува дека просечната нето плата на вработените во Регулаторната комисија за енергетика во 2005 година изнесуваше околу 38.000 денари за 19 лица кои што се вработени, што веројатно е највисок просечен личен доход во било која државна институција во Република Македонија.

Сега за 2006 година, во Предлог-финансискиот план се предлага зголемување на платите на вработените за 26%, што не значи дека ќе биде поединечно зголемување на личниот доход, односно ако бројот на вработените лица од 2006 година биде за 26% поголем од 2005, тогаш повторно нивната просечно нето плата ќе биде околу 38.000 денари. Од овој висок просечен личен доход произлегува дека и членовите на Регулаторната комисија имаат веројатно многу повисока нето месечна плата, која што е веројатно околу 1000 евра.

Покрај овие необично високи лични доходи во Предлог-финансискиот план за 2006 година, предвидени се и расходите за годишен одмор, за надоместок за храна, превоз и слично, така што вкупните просечни нето месечни примања на секој вработен во Регулаторната комисија се далеку над 40.000 денари, што за македонски услови, навистина е премногу.

Второ, во делот за трошоци за репрезентација предвидени се речиси 7.000 евра, односно овие трошоци се планира да бидат зголемени за 14% и навистина, не е јасно која е причината за планираното зголемување на трошоците за репрезентација.

Во делот за консултантски услуги од независни експерти од земјата и од странство, како и за авторски хонорари точка 7.12 од Предлог-финансискиот план, предвидени се 30.000 евра, односно планирано е зголемување во однос на 2005 година од 20%. И овој износ е превисок, со оглед дека во Регулаторната комисија лица со просечен нето личен доход поголем од 40.000 денари би требало да бидат максимално

искористени, или би требало да бидат лица по дефиниција кои што имаат и капацитети и можности, голем дел од овие обврски што би ги вршеле надворешни консултанти да ги превземат како свои обврски, со оглед на тоа дека се солидно платени, однсоно меѓу најплатените државни службеници во државата и во суштина не треба да се очекува и да се потрошат повеќе од 30.000 евра за консултантски услуги за авторски хонорари.

Во ставкаста други услови е предвидено од прилика 7.000 евра, што значи дека покрај 30.000 претходно спомнати евра за консултантски услуги, како и авторски хонорари се предлага и оваа ставка, што е доста широк поим некогаш други услуги да изнесува 7.000 евра и навистина во овој израз и самата ставка не е оправдана.

Исто така, за мебел и канцelариска опрема, точка 9 од Предлог финансискиот план во 2005 година се потрошени нешто над 11.000 евра, а за 2006 година се планира да се потрошат уште плус 9.000 евра.

Во сегашниот економски момент кога стапката на невработеност во Република Македонија е преку 40%, бројот на социјални случаи, технолошки вишоци, секојдневно расте, 20.000 евра потрошени за две години за мебел и за канцелариска опрема е навистина, непотребен луксуз. Закупнината е посебно поглавје или точка во овој Предлог-финансиски план, и ако знаеме дека условите во кои што работат се под закуп, меѓутоа, за закупнина на друг тип на простор се предвидени 3.500 евра од прилика и навистина не е јасно кои се тие расходи за друг тип на простор кога Регулаторната комисија за енергетика има годишен расход за закупнина на канцелариски простор речиси 80.000 евра, или месечно околу 6.500 евра за закупнина. Ваквите високи закупнини и посебно овој нов тип на закупнина со друг тип на простор, целокупниот износ е навистина преголем и прашање е дали и досега, а отсега мислам ургентно треба да се бара друго решение за деловниот простор. Затоа што со овие високи закупнини за две-три години веројатно може да се обезбеди во сопственост или на Агенцијата, или на државата.

Исто така, вкупните годишни приходи на Регулаторната комисија за енергетика се предлага да бидат 650.000 евра или месечно некаде околу 54.000.

Со оглед на сегашната општа неповолна економска ситуација во Република Македонија сметаме дека и овие вкупни приходи се неоправдано високи, и ако таа стапка на издвојување од 0,053% од вкупниот приход со кој се финансира работењето, Комисијата е далеку од максималната стапка од 0,1%. Сепак тој е апсолутниот износ на тие средства со кои се финансира работењето на Регулаторната комисија што е неоправдано висок и навистина не одговара на општата економска состојба во Република Македонија.

Заради сите овие забелешки Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да го поддржи и ќе гласа против Предлог-финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шајноски имате збор.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе,

Го разлгедав Предлог-финансискиот план за 2006 година на Регулаторната комисија и сакам да дадам едно мое видување.

Сметам дека доставениот Финансиски план има намера да не навлече да зборуваме за бироа, за ќирии и за репрезентации и други трошоци, а во суштина проблемот не е во тоа. Верувам дека предвидените трошоци што се прикажани во планот се објективни и тука неможе којзнае колку да се оди на штедење, бидејќи и не се така големи. Но сметам дека проблемот не е во тоа дали се одредени позициите големи или мали, туку проблемот е во тоа дали Регулаторната комисија има оптимален број на вработени. Лично сметам дека бројот на вработени предвиден за 2006 година е преголем. Тие 20 луѓе што сега се вработени во оваа Комисија, ќе потрошат 40 милиони денари годишно вкупно и трошоци и плати. Кога би биле во производство овие 20 луѓе висококвалификувани стручни лица, верувам дека тие се експерти од енергетика, би оставарувале годишен обрт од 1.500.000 до 2.000.000 евра зависно од типот на производство што би го правеле, а не да трошат.

Одговорно тврдам дека бројот на вработени не треба да биде поголем од 5. Кога би имале само 5 луѓе во оваа Регулаторна комисија, тоа ќе подразбира сериозна работа од 8 часа на ден. Но, работа од 8 часа. Работа. Со една таква работа, за која што се платени од 8 часа, тврдам дека после една година искуство на тоа поле тие експерти од овие 5 луѓе, ќе имаат и слободн време од овие 8 часа. Бидејќи се умни, ќе се организираат, ќе шаблонизираат голем дел од работата. А предвидените 20 луѓе за 2006 година, не можам да разберам што ќе прават 5 дена по 8 часа дневно. Дури и постоечките енергетски компании во државата пред оваа Регулаторна комисија имаа свои експерти што ги одредуваа цените на енергенсите и во ниедна фирма од нив не постоеја вакви гломазни потрошувачки групи.

Мислам дека Комисијата, односно ние треба да размислиме дали и во иднина оваа Комисија треба да брои 20 луѓе, бидејќи парите кои што тие би ги потрошиле можат да се употребат за образование и наука на пример, бидејќи тоа е основата на секоја држава. Вака како што се работи до сега тврдам дека гломазни тела се формираат од теснопартиски интереси, при што одредени експерти, квалитетни луѓе биле и партиски активисти, па бидејќи не им се нашло друго место погодно за нивниот ум, се ставаат во вакви тела, пред се, за да им се надокнадат заслугите во партиските работи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Ванчо Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитуван претседател на Регулаторната комисија, почитувани пратеници,

Предлогот на финансискиот план на Регулаторната комисија е пред нас и треба да го поддржиме, или да не го поддржиме. Ние ја формиравме Регулаторната комисија по предлог на Владата на Република Македонија на Комисијата за избори и именувања, еве јас благодарам за тоа, а сигурно предлогот бил повторно од Владата, бидејќи Владата ако не предложи нешто, не поминува, нема шанси. Така да, едноставно оваа Комисија работи веќе, ова е трет финансиски план. Првиот кој што го имавме требаше да се обезбедат простории, да се обезбедат неопходни средства за работа, како што се компјутери, канцелариски мебел, после тоа и возила и така натаму, тоа се среди и сега имаме Регулаторна комисија која што е опремена со сите неопходни рработи за да може да ја извршува својата дејност, за која што е формирана. Јас зборував тогаш дека, тоа не е многу важно сега, но морам да го спомнам дека ова требаше да се работи во склоп на Министерството за економија и тука едно одделение кое што е од веќе постоечките вработени би работеле за Регулаторната комисија која би ги вршела дејностите, а Регулаторната комисија би била составена од стручњаците од областа на енергетиката кои што материјали ќе бидат приготвени од луѓето вработени во Регулаторната комисија, ќе ги разгледуваат и ќе донесуваат соодветни одлуки по основ на надлежностите, кои што се предвидени со закон. Еве се формира и минатата година мислиме дека така треба и да биде. Треба да се оформи, да се среди за да отопочне со работа. И тоа е во ред. Сега повторно одиме со истата сума на финансиски план. Значи, ако имавме минатата година 40.960.000 денари, сега имаме 39.860.000 денари, пари кои што и се потребни на Регулаторната комисија и за наредната 2006 година. Тоа е по малку изненадувачки зошто е сега тоа така. Ако се погледне структурата ќе се види дека тоа што беше и целта да се направи не е направено туку уште едно гломазно тело е формирано во рамките на државата. Или, ако одиме како што треба, бидејќи се работи за финансиски план, да направиме анализа на приходите, ќе видиме една многу интересна работа. Законски основ, кој што може Регулаторната комисија да го земе од друштвата кои што се занимаваат со енергетска дејност е 0,1%, а е преполовен за 2006 година, на 0,053%. Сега тука навистина се доаѓа до интересна работа. Значи луѓето кои што се во Регулаторната комисија треба со овие средства да се обезбедат самите себе. Да земат плата, да ги покријат сите трошоци кои што ги имаат и кои што се наведени тука и да имаат една спокојна година, во делот на егзистенцијата и едноставно, неразбирливо зошто е ова така. Зошто не е максимумот да launchечеме, а да имаме иницијатива од оваа Комисија која веќе брои 20 луѓе, 15 вработени и 5 членови, едноставно, средствата кои треба да бидат приберени од овие енергетски компании, да бидат искористени токму во енергетскиот сектор, во областа на науката, во областа на научно-истражувачки дејности, или пак, како што гледаме дека енергијата е предизвик веќе и проблем во светот во развој на некои алтернативни можности во Македонија во поглед на енергијата и така натаму. Со ова излегува дека оваа Регулаторна комисија и средствата кои што ќе си ги прибере, единствено да се згрижат 20 луѓе и да си обезбедат некоја солидна егзистенција себе. Тоа е она кое што може да се прочита од финансискиот план и кој што може да се види.

Во секој случај да ви кажам тие пари што се предвидени да се земат од овие компании кои се занимаваат со енергетска дејност дали е тоа Макпетрол или е Електростопанството или некои други компании, сепак тие се пари на граѓаните. Тие пари се наплаќаат од нив и доаѓаат во овие компании и Комисијата треба да ги користи и на некој начин да врати на граѓаните на Република Македонија, односно државата Република Македонија, со тоа што ќе придонесе енергетскиот сектор во Република Македонија да добие нешто назад од овие средства.

Како што реков, зошто не инвестирате во научно-истражувачка дејност, едноставно тоа не се мали средства ако се користат домаќински, да се испитаат сите можности на Република Македонија, да изготвите еден елаборат на таа тема, да го доставите до Собранието, да видиме кои се можностите во Република Македонија да користиме други енергии и можности, а еве се зборува дека има нафта во Свети Николе, па работете во таа насока.

Инаку, вака изгледа дека Регулаторната комисија е формирана за да притисне едно копче на компјутерот и да види која е светската цена на берзата на нафтените деривати или електрична енергија. Еве вчера од полноќ се покачија цените за половина денар, за еден денар, тоа е она кое ние како пратеници го знаеме, а сигурен сум дека и граѓаните истото го знаат. Немаат претстава што работи Регулаторната комисија. Петнаесет вработени и пет од Комисијата да бидат вработени за да соопштуваат само цена преку медиумите која цена ќе важи од наредниот ден, мислам дека е многу скапа работа. 40 милиони денари. Тоа е скапа работа. Ќе ви кажам дека она што е наведено тука како плата на вработените, без да се наведе структурата на вработените, колку имате со високо образование, колку имате доктори на науки, искуство, луѓе ценети во својата дејност со трудови, секој треба да биде платен спрема она колку знае и колку придонесува. Платата е мерило за вредноста, а не е мерило за дипломата. Тоа беше така едно време треба да заврши факултет за да не работи. Ако навистина вие работите, вие можете да имате и поголеми

плати од овие. Или ако имате таква структура на вработени кои ги заслужуваат тие пари, ние немаме претстава колку имате со ниско образование вработени, колку имате со високо образование, од кои профили, дали тие луѓе биле на некои универзитети во странство каде се школувале, каде платиле скапо образование и се ценети во својата област, едноставно немаме претстава што работите вие во Регулаторната комисија.

Тоа се работи кои недостасуваат и кои би требало да бидат овде во Извештајот наведени за да немаме недоверба прво во работата на Регулаторната комисија, кон луѓето кои ни криви ни должни седат таму и се вработени.

Јас не сакам никого да обвинувам дека не работи или работи, но факт е дека овде не пишува што работите и не пишува точно кои се тие профили на луѓе кои ќе ги потрошат парите односно некаде излегува просечно нето плата по 80 илјади денари од човек. На 15 вработени ако поделите 11.720.000 излегува 80 илјади денари по човек нето плата. Плус придонеси, плус сето друго. Тоа за македонски услови е плата од две пратенички плати. Значи, еден вработен просечно во Регулаторната комисија добива две пратенички плати. Имаме голем знак прашалник, можеби треба да добиваат, но ние немаме информации дека тие луѓе навистина толку работат и толку се вредни во своето знаење и она што го имаат како образование вложено во своето образование и се вредни за Република Македонија и придонесуваат за Република Македонија за да добиваат таква плата.

Затоа сум против овој Извештај, не сум против Регулаторната комисија или луѓето што се таму. Јас сум против вака паушални и нецелосни работи и нетранспарентно работење.

Граѓаните на Република Македонија треба да знаат каде се трошат нивните пари и зошто се трошат. Ги нема, а и се помалку ги има, се посиромашни и посиромашни се. Ние мораме да се научиме во оваа држава за секој денар што ќе го потрошиме транспарентно и јавно да го направиме тоа. Само така ќе имаме држава која ќе оди напред.

Не сакам да навлегувам во структурата на трошоците, бидејќи не е добро така да се прави, инаку интересно е некој денеска да користи преведувачки услуги, во времето кога децата од трето одделение знаат англиски јазик да се користи преведувачки услуги, мислам многу интересна работа, посебно во една ваква скапо платена организација или институција како што е Регулаторната комисија. Или да се користат консултантски услуги. Еве, за консултантски услуги вие ќе порошите доста пари. Тука пишува 1.878.000 денари. Да потрошите за истражувачка дејност, за наука, потрошете и повеќе, можете уште една нула да потрошите, па да видиме како држава дека сте инвестирале каде што треба. Но, за консултантски услуги, знаеме обично какви се тие услуги во Република Македонија, обично тоа се работи кои не се во согласност со она што ќе се сработи или некој ефект ќе се види од целата работа. За закупнина имате 4.800.000 денари, ваму сте згрешиле во Извештајот, сте ја напишале сумата од претходната година 5.335.000 денари. Вие за 2006 година планирате да потрошите 4.800.000 денари. А, да се плаќа 7.000 евра месечно кирија, јас не знам колкав простор држите, колку квадрати се тоа и каде е тој простор, сигурно има подобро решение, дури може да се земе и кредит да се изградат простории со кои ќе се отплаќа тој кредит или да се најде нешто друго да се купи исто на кредит некој простор кој ќе се отплаќа со оваа месечна закупнина и ќе остане сопственост на Регулаторната комисија.

Значи, треба инвентивност, треба да се работи. Вака испаѓа дека трошиме пари, а ништо не работиме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Реплика за господинот Владо Илиевски, повелете три минути.

**Владо Илиевски:** Сакам да истакнам дека еве постојано се анализира секоја позиција од Финансискиот план што е предложен од страна на Регулаторната комисија, меѓутоа сакам да истакнам дека во самиот Извештај што е дадено за домаќинското работење на Регулаторната комисија дури од средствата што се останати од минатата година се префрлени за трошење во оваа година, што е уште една потврда дека ни одобрените средства не се потрошени.

Исто така сакам да истакнам дека зафаќањето на Регулаторната комисија е само 0,053 од остварениот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност од максимално дозволениот 0,1%.

Исто така сметам дека овие 20 вработени, по мене, не се премногу и не да немаат што да работат по осум часа, туку нивната работа е огромна, бидејќи постојано ги следат трендовите на цените во светскиот бизнис. Не се точни ни констатациите дека овие средства што се трошат за измирување на платите и трошоците на Регулаторната комисија и на членовите на Регулаторната комисија се од буџетски средства, а најмалку на граѓаните на Република Македонија. Напротив, целта на Регулаторната комисија е во интерес на граѓаните на Република Македонија, т.е. основна цел е разбивање на монополите што се во оваа држава. Тоа е направено со монополот поготово што го имаше Макпетрол со нафтените деривати, а особено сега ќе дојде до израз, по донесувањето на законот и измените на Законот за енергетика, т.е. со отпочнување на функционирањето на пазарот на електрична енергија и пазарот на природен гас, каде што Регулаторната комисија има значителна контролна функција.

Ова исто така се препораки на Европската комисија каде создавањето на Регулаторната комисија е основната нејзина цел и како што реков разбивање на монополите што до сега постоеја во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам претседателе, мислам дека колегата Илиевски не ја слушаше мојата дискусија, туку имаше однапред напишан текст кој го прочита, од кој текст јас до сега ништо не спомнав така што не ја разбирам репликата. Ова сигурно беше дискусија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас ја слушав и мислам дека колегата Илиевски 80% се внесе во репликата.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, почитуван претставник на Регулаторната комисија, почитувани колеги пратеници.

Претходната одлука што ја донесе овој Парламент се однесуваше на процентот кој претставува процент на зафаќање на средства од вкупните приходи на друштвата кои се занимаваат со енергетска дејност, а која е во рамките на лимитот кој, согласно Законот за енергетика го има Регулаторната комисија во овој правец и тоа е 0,1% е законскиот лимит од кој 0,053% се средствата  за кои дискутираме по однос на овој Финансиски план и за трошењето на овие средства.

Значи, основното прашање не е ова што сега дискутираме колкав е процентот на зафаќање, туку колку пари се тоа. За колку пари се дискутира сега, колку пари треба да се потрошат и за што треба да се потрошат.

Зборуваме за сума од околу 40 милиони денари или во евра 660 илјади евра, од прилика. Прашањето што треба да го одговориме овде, а дали се согласуваме или не, тоа е за што ќе се потрошат овие пари.

Она што ни го предлага Регулаторната комисија е следното:

Дека 13 милиони денари ќе бидат за плати или во евра околу 200 илјади евра.

Потоа 9 милиони денари ќе бидат за придонеси од плата или 150 илјади евра.

Потоа 3 милиони денари за патни трошоци, тоа е околу 50 илјади евра или вкупно за сите овие намени околу 25 милиони денари или околу 400 илјади евра.

Значи, од 660 илјади евра кои претставуваат вкупна сума на овој Финансиски план на Регулаторната комисија, околу 400 илјади евра се средства кои се однесуваат на нето, односно бруто плати плус надоместок за патни трошоци, репрезентација кои претставуваат директна поврзаност со функционирањето на вработените и на членовите на Комисијата по овој основ.

Надвор од ова има околу 2 милиони денари за транспортни услуги и околу 3 милиони денари за материјални трошоци или заедно за две намени изнесуваат околу 80 илјади евра.

Потоа, за договорни и други услуги околу 9 милиони денари или во евра околу 150 илјади евра од кои, како што е наведено и во образложението на Регулаторната комисија за закупнина на простор се планирани 5 милиони денари што за 450 м2 колку е наведено дека Комисијата користи, значи дека таа плаќа по 7,5 илјади евра месечно само за закуп на просторот кој го користи за работа, што претставува 16 евра или околу 1000 денари по м2 користен простор месечно, ако можеме ваква математика да правиме, ова е сигурно точно, затоа што произлегува од податоците кои ги добиваме од Регулаторната комисија.

Дали е ова добар начин на решавање на овој проблем или не е, околу тоа зборуваше и колегата Спиро Мавровски, јас сметам дека Владата отуѓува голем дел од простори, има станови, станбен простор, деловен простор, слушаме за вакви или онакви центри кои се предмет на отуѓување од страна на Владата, а од друга страна Владата плаќа по 7,5 илјади евра месечно за сместување на Регулаторната комисија која е составена од пет члена плус 15 вработени кои директно се вклучени во функционирањето на оваа Комисија односно во остварувањето на надлежностите на оваа Комисија.

Сметам дека ова нема никаква економска логика и не може да претставува добро решение ниту за Владата ниту за Регулаторната комисија ниту за граѓаните на Република Македонија кои постојано велат и така е дека цената на струјата односно приходот по основ на продажбата на енергенсите, не само струјата, сеуште не можам да зборувам за природниот гас, меѓутоа, за другите енергенси претставуваат приход од кој се пресметуваат или доаѓаат и овие средства кои треба да ги користи Регулаторната комисија и врз основа на тоа тука треба да се обрне внимание на заштеда на овие средства со цел да не се доведеме во една ситуација повторно Регулаторната комисија да биде таа која ќе мора да ја покачува струјата заради зголемување на трошоците по различни основи.

Ова е само еден мал дел, меѓутоа, зборувам како принцип во контекст на она што се случува.

Она што загрижува во овој Финансиски план е тоа што од овие 150 илјади евра кои се наменети за договорни и други  услуги, Комисијат за консултантски услуги од независни експерти од земјата и странство,  како и за авторски хонорари ќе потроши уште два милиони денари или 33 илјади евра. Овие пари, значи овие 33 илјади евра за експерти заедно со платите на вработените, заедно со придонесите од плата и други трошоци кои се однесуваат на вработените се заедно изнесуваат во овој Финансиски план околу 430 илјади евра. Ова претставува од 660 илјади скоро 2/3 од вкупниот износ кој треба да го потроши Регулаторната комисија, а се однесува директно за плаќање на вработените и покрај на вработените на експерти за консултантски услуги, а потоа оние другите точки кои ги има во овој Финансиски план се за обука уште 300 илјади денари, потоа за семинари и конференции и за

адвокатски и други правни услуги или се заедно сите овие работи за кои зборувам изнесуваат околу 13 илјади евра или околу 800 илјади денари.

Сигурен сум дека има потреба понекогаш од консултантски услуги, сигурен сум дека има потреба од континуирана обука на вработените, меѓутоа, во објаснувањето кое се наведува во овој Финансиски план се вели дека во досегашното работење заради малиот обем на надлежности, Регулаторната комисија имала 18 вработени од кои 5 се членовите на Регулаторната комисија и 13 се останатите вработени и заради зголемувањето на надлежностите на Регулаторната комисија кои се однесуваат на либерализацијата на пазарот на енергија, регионалниот, ќе мора да бидат примени на работа заради спецификата на одредени прашања уште две нови лица.

Значи, зголемувањето на бројот на вработени подразбира и тие нови вработени кои што ќе бидат вработени да бидат обучени за реализација на целите на оние работи кои што треба да ги остваруваат од онаа област за која што треба да бидат ангажирани. А надвор од тоа, значи надвор од она што претставува нивна стартна обука при вработувањето Регулаторната комисија презема обврски за семинари, за конференции, за обука на вработените и за адвокатски услуги. Јас не знам, ако веќе имате експерти, тогаш експертите нека бидат од области кои што ги покриваат и правните аспекти на решавањето на тие проблеми, а вие овде предвидувате адвокатски услуги. Навистина не гледам никаква потреба за таа работа при толкав број на вработени и при петмина членови на Комисијата кој што има и правник. Знам дека во Законот имаше таква обврска да има правник заради тие правни прашања. И ако веќе има такви задолженија и зема средства кои што се предвидени во овој финансиски план, сметам дека навистина е непотребно да се предвидуваат дополнителни средства кои што ќе бидат наменети за адвокатски и други правни услуги.

Индикативно во овој финансиски план е зголемувањето на придонесите од плати и на персоналниот данок за 34%. Што значи ова може да претставува неколку работи. Едната работа може да биде зголемување на бројот на лица кои што се ангажирани во Комисијата за една третина, што не е наведено во ова образложение. Затоа што 34% претставува една третина од придонесите и другите давачки кои што произлегуваат од плати. Ако не е тоа така, дали тоа значи дека овие придонеси, дали има некоја информација Регулаторната комисија дека Владата во наредниот период ќе ги покачи, па заради тоа предвидува толкав износ на средства кој што е повисок за 34%, затоа што зголемувањето само за двајца вработени не претставува 34% во однос на зголемувањето на придонесите и персоналниот данок кој што се плаќа на платата на вработените.

Во точката 4 од овој финансиски план што се однесува на комунални услуги, Регулаторната комисија предвидува покачување на потребните средства за електрична енергија. Од 250 илјади во 2005 година на 294 илјади во 2006 година. Што значи зголемвуање на потребните средства на Регулаторната комисија која морам да спомнам е задолжена за определување на цената на електричната енергија за 18%, Дали ова значи дека Регулаторната комисија ќе ја покачи цената, односно ќе утврди цена зголемена за 18% околу новогодишните празници и поради тие причини финансискиот план кој што ни го предлага тука во Парламентот содржи зголемување на цената на трошоците за електрична енергија за 18%. Или пак зголемувањето од 18% е поврзано со зголемената потрошувачка на електрична енергија која што произлегува од двајцата нови вработени, посебен простор, потребно загревање и т.н., други средства, компјутери и т.н. што треба да бидат користени, а што користат електрична енергија, или не знам кои други потрошувачи на електрична енергија кои што ќе значат зголемвуање на потрошувачката на електрична енергија на Регулаторната комисија за една петтина. Сигурно тука е претставникот на Регулаторната комисија, ќе ни каже од каде произлегува оваа проценка на Регулаторната комисија. Меѓутоа сметам дека во овој дел Регулаторната комисија е тој орган кој што треба да биде најпрецизен. Потоа интересно е тоа што ако погледнеме сумата која што е определена од минатата година за Регулаторната комисија е скоро иста како и за оваа година, со тоа што пренесените средства од 2004 во 2005 се малку поголеми од оние што се пренесени од 2005 што треба да се пренесат во 2006 и само тука е таа мала разлика од околу еден милион денари. Меѓутоа тука се отвора едно прашање кое што се однесува на намалувањето на точките, односно на средствата кои што се однесуваат на точката за патни трошоци и репрезентација за 4,5 милиони денари. Значи, во однос на 2005 година во 2006 година Регулаторната комисија вели дека ќе потроши помалку за патни трошоци, за репрезентација 4,5 милиони денари, а од друга страна вели и дека тие 4,5 милиони денари нема да пропаднат затоа што тие ќе бидат насочени во стапката за плати и придонеси на вработените, затоа што за истите тие средства се зголемува стапката на плати и вработени, односно бруто примања на членовите на Регулаторната комисија и на 15-те до година вработени во ова тело. Јас затоа сметам дека 22 милиони денари, или скоро 400 илјади евра кога ќе се подели на 20 членови на Комисијата вкупно со вработените изнесува по околу 20 илјади евра, нешто под 20 илјади евра по вработен годишно. Ако се подели ова со 12 месеци доаѓа на секој вработен просечно, затоа што сметам дека сеуште Регулаторната комисија нема дојдено до оној степен на комунистичка распределба на средствата, сите подеднакво, секому според потребите, секој според можностите, сметам дека некој зема многу повеќе

од овие средства, а веројатно има и вработени лица за одржување на просториите кои што се околу 450 м2 и тие сигурно не земаат ниту блиску до овој просек што е наведен во финансискиот план. Оттука сметам дека, ако веќе некој треба навистина да покаже успех во работењето, нека го покаже тоа со наградување кое ќе биде соодветно на општите состојби во Република Македонија. Ние не сме против да бидат наградени вработените за онаа работа што ја работат, меѓутоа сме против да слушаме најави од сите страни дека центата на електричната енергиај ќе биде одредена на овој, или на оној начин, а сеуште да немаме официјален податок како тоа ќе се направи, дека ќе биде зголемена за онолкав, или толкав процент, а сеуште да немаме инфорамција врз основа на кои параметри Регулаторната комисија ќе го направи тоа, за разлика од ова што претставува согласност, или мислење од Владата кое што вели дека Регулаторната комисија заслужува да ги добие овие пари и да ги потроши на начин како што таа го предлага. Јас не сакам да помислам дека оваа согласност, или ова мислење од Владата на Република Македонија претставува награда за послушноста на Комисијата или за прекутувањето на одредени факти, или за одредеувањето на тајмингот кога ќе се објават некои податоци кои што се исклучително важни и за македонската економија и за македонските граѓани и за вкупната општествена и социјална стварност во Република Македонија. Или пак не можам да разберам кога не сум против тоа Регулаторната комисија да одржува состаноци на кои што ќе се расправа во Република Македонија за прашања, на пример за природниот гас, регионални прашања и т.н. Меѓутоа фактот што тој пазар во Република Македонија нема профункционирано, фактот што сеуште имаме еден куп суштински прашања кои што не се решени во таа област, навистина ми дава за право да се запрашам, дали навистина е потребно толку средства да се трошат, а притоа ефектите од сето ова сеуште да не ги гледаме никаде.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, бевте толку инспиративен што морам да ви реплицирам. Пред неколку години на телевизија имаше една емисија за деца, се викаше "бушава азбука". Вашава математика е навистина бушава. Немојте да ги плашите граѓаните, ако веќе работите и анализирате математички, немојте да ги плашите граѓаните и да претпоставувате дека 18% бараат покачување за трошоци за струја, дека тоа претпоставува дека за 18% ќе се покачи цената на елекричната енергија. Затоа што очигледно вие зборувате по тој услов за месечен извештај, а не за годишен. И затоа јас ќе ви кажам, по вашата логика тоа претставува 1,5% зголемување на цената на електричната енергија, бидејки 18% е за 12 месеци. Правата вистина по вашата математичка логика да ја чувате, 1,5% ќе биде зголемена струјата.

Второ, вие нешто зборувавте за тоа дека некој таму повеќе зема плата, а некој таму помалку зема плата, дека ова не е комунизам бидејки не е кој колку може, а на кој колку му треба. Искрено да ви кажам сега ми е јасно зошто и вие толку зборувате. Денеска трети пат, бидејки од мене земате поголем надоместок, вкупно со дневници, и со плата поголем надоместок. И затоа ми е јасно зошто имате забелешка и во таа анализа. И на крајот на краиштата реално господине Стојаноски да ми кажете дали колку што рековте 600 илјади евра е малку, или многу. Инаку, еден од два се 50%, еден од десет се 10%. Мислам дека не е коректно да баратате со проценти, а кога самата основа е многу мала 600 илјади евра.

Една минута господинот Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе во материјалот кој што го добивме стои: индекс 2006 спрема 2005 година и стои 1.18, електрична енергија 249.600, 2005 година, 293,700, 2006 година. Тоа значи 18% зголемена сума пари потребни за потрошената електрична енергија. Дали е истата количина, или не, тоа го прашав претставникот на Комисијата.

**Љупчо Јордановски:** Тоа би било месечен индекс.

**Блаже Стојаноски:** Тоа е една работа. Значи, се однесува на годишен индекс 2006, 2005 година. Тоа што зборувате за трет пат зборување, не бројам колку пати зборувам, туку прв пат се јавувам за оваа точка и еднаш се јавив за покачувањето на цените за тутунските производи за цигарите. Отука сметам дека 660 илјади евра од кои што 430 илјади се за плати, навистина се многу пари за 15 вработени и 5 членови на Комисијата согласно резултатите кои што не ги видовме во овој период.

**Љупчо Јордановски:** Има да се реши, процентуално тој проблем може да се реши. Предложете сега кога ќе се расправа за Буџетот да има два милиони евра, тогаш тие 400 илјади ќе бидат 10%.

**Александар Флоровски:** Претседателе, успеавте да ни одземете пет минути време.

**Љупчо Јордановски:** И јас сум пратеник, можам нешто да кажам.

**Александар Флоровски:** Ќе излезете на говорница ако сте пратеник, а не да користите позиции на претседател на Собрание и овде да не ни оставате простор да кажеме.

Инаку, и јас и мојот колега Есад Рахиќ би се менувале од пратеничката функција да бидеме утре членови на Регулаторната комисија според сите овие математички параметри. Ќе бидам краток, а можеби ќе продолжам во четврток.

Оваа Регулаторната комисија е обвиена со велот на тајноста, божем се работи за некое масонско здружение, таков впечаток стекнувам, или се работи за некое пеачко друштво. 18 плус 2, слушаме математички цифри, слушаме евра. Има толку нелогичности во вашиот приказ, или табелар за зголемување плати, во ред смалувате

на репрезентација. Но, имате нелогичности, на пример, јас не знам, ќе продавате ли возила, или ќе купувате. Имате регистрација на моторни возила 2005 година 73.460, 2006 година 73.400. Сте смалиле за 60 денари. Колку е тоа? Тоа е едно евро. Не знам од каде ги вадите, од ракав ли ги вадите овие цифри. Друга нелогичност. Гуми и резервни делови за истите возила, ако не продавате возила најверојатно дека едното возило ќе оди на три тркала. Во 2005 година ви стои 104.040 за да 2006 година барате 104.000 денари. Каде ви се тие 0,40 дени? Јас не знам од каде ги вадите овие нелогичности. И да не навлегувам во математиката, затоа што овој што седи зад мене е експерт, па ќе ми најде маана и не сакам да полемизирам.

Но, да кажам некои други работи. Дали вие домакински работите, или не, немам време да ви одговорам, но дека разбивате нечиј монопол, не е така. Не го разбивте монополот на Макпетрол. Монопол се разбива ако влезе Бритиш Петролејум, ако влезе Лукоил, ако влезат други гиганти. Со што вие го разбивте монополот на Макпетрол? Со ништо. Не дозволувате да влезе конкуренција. Ако нема конкуренции, јас диктирам цена, јас сум газдата, јас пуштам во оптек, јас располагам со нафтата, со бензинот и јас ви диктирам цена. Ако влезат пет души и наддаваме, некој ќе даде помалку од Макпетрол, ќе биде поконкурентен, подобро ќе продаде и гас и нафта и сето она што значи нафтени деривати. И тука ќе завршам, затоа што имам уште една минута.

Има еден интересен момент. Обука за вработени 300 илјади денари. За што ќе ги обучувате? Всушност вие со што се бавите таму, не ми е јасно? Колку од таа група ќе имате експерти, колку ќе бидат секретарки, колку ќе бидат чистачи и кафекуварки и т.н. И во контекст на ова, не можам да не ви спомнам дека господинот Драго Шајноски случајно е магистер по кибернетика. Вели дека истата работа ќе ја врши со пет вработени. Вие барате 20 вработувања. Јас мислам дека и 20 ви се малку, додадете уште 10 да бидете поефикасни, да ја разбиете конкуренцијата и нормално да го скратите Буџетот и да земете што повеќе пари од парите на македонските даночници. Тука завршувам, затоа што е 17, 59 часот. Многу ми е жал, претседателот ми одзема пет минути, а за пет минути имав многу да кажам и многу работи да ви презентирам што сметам дека не се во ред, а овде се прикажани, а треба да престанете да цицате од парите на македонски даночници. Македонија и македонските даночници не се крава музара, српски кажано. И тука ќе завршам и ќе продолжам ако ми дадете збор во четврток.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот.

Но, ова што го кажа господинот Флоровски е поучно. Мислам дека Регулаторната комисија треба да издаде една брошура, или книшка, навистина да ни објасни што работи, а не само регулира и ништо повеќе. Таа задача е од Парламентот.

Ја прекинувам седницата.

Седницата ќе продолжи во четврток со почеток во 14,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот)